2014

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ДЗЛП

# Дирекција за заштита на личните податоци

# Дирекција за заштита на личните податоци

# Годишен извештај

2014

# 2014 низ бројки

## 404

**Извршении инспекциски надзори**

314 редовни
81 вонреден
9 контролни

168 јавен сектор
216 приватен сектор
11 физички лица

## 66

**организирани обуки**

53 обуки за заштита на лични податоци

13 CSCU обуки за дигитална

## 371 Примени претставки

331 физичко лице
36 правни лица
4 анонимни

356 постапено и решени
15 останати за решавање во 2015

## 202

**претставки за злоупотреба на лични податоци на социјални мрежи**

130 лажен FB профил

12 лажен FB профил на малолетно дете

47 хакирани FB профил

13 други социјални мрежи

**27** издадени имислења по закони

од кои

**13** издадени мислења преку ЕНЕР

**28** издадени мислења по материјали, подзаконски акти и предлог прописи

**45** издадени стручни мислења по друг основ

**297** издадени мислења по усогласеност на документацијата со одредбите на ЗЗЛП

**438** регистрирани контролори во централен регистар

**755** регистрирани збирки на лични податоци во централен регистар

**438** регистрирани офицери за заштита на лични податоци во централен регистар

## 16.081.000 денари

Вкупен одобрен буџет за 2014

## 15.739.292 денари

Вкупна реализација на буџет за 2014

(97,88%)

**2.306.317 денари**

Остварени приходи по основ на организирани обуки

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД
1.1 Правна рамка, статус и седиште 8
1.2Мисија и визија 10
1.3 Надлежности 11

2. Политика на управување и стратешко работење 12
2.1 Стратегија на работење 12
2.2 Анализа на работењето 13
2.3 Човечки ресурси 15
2.4 Финансиско работење 22
1.4.1 Реализација на буџет по сметка 637 22
1.4.2 Реализација на буџет по сметка 631 24
1.4.3 Реализација на буџет по сметка 785 26

3. Инспекциски надзор 28
3.1 Извршени инспекциски надзори 29
3.1.1 Донесени записници од извршени инспекциски надзори 29
3.1.2 Донесени решенија за утврдени повреди при извршени инспекциски надзори 29
3.1.3 Донесени заклучоци по извршени инспекциски надзори 29
3.1.4 Управни спорови 31
3.2 СИН– Софтвер за инспекциски надзор 31
3.3 Прекршоци и глоби 31

4. Претставки,мислења и одобренија
4.1 Постапување по добиени претставки 33
4.2 Одобренија за пренос на податоци во странство 35
4.3 Одобренија за обработка на биометриски податоци 35
4.4 Постапување по однос на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер 36
4.5 Мислења и укажувања 36
4.5.1 Издадени мислења по закони 36
4.5.2 Стручни мислења по материјали, подзаконски акти и други предлог прописи 38
4.5.3 Мислење за усогласеноста на документацијата на контролорите со одредбите на Законот за заштита на личните податоци 41
4.5.4 Мислења по однос на примена на прописите за заштита на личните податоци 41

5. Централен регистар
5.1 Регистрација на контролори и збирки на лични податоци 42
5.2 Офицер за заштита на лични податоци 44

## 6. Обуки 46

## 7. Комуникации и односи со јавноста

7.1 Соработка со медиуми 49

7.2 Електронски весник 50

7.3 „Приватко“ 50

7.4 Online медиуми 51

7.5 Настани и кампањи 51

7.5.1 „28 Јануари– Европски ден за заштита на лични податоци“ 51

7.5.2 Кампања „На сигурно си“ 52

7.5.3 Проект „Со доверба до подобра услуга“ 53

7.5.4 Кампања „Клучот за добра услуга е во ваши раце“ 54

7.5.5 Едукација на најмалите преку содржини во списанијата на Просветно дело 54

7.5.6 Дирекцијата на „Саем на книга“ 54

7.5.7 Проект „Час по приватност“ 54

7.5.8 Трибина „Студентите и нивните права на заштита на личните податоци“ 56

7.6 Склучени меморандуми 57

## 8.Меѓународна соработка

8.1 Активности поврзани со процесот на интеграција во ЕУ 58

8.2 Учество во работата на ЕУ органи и тела за заштита на лични податоци, конференции и работилници 62

8.3 Користење на ЕУ фондови 72

8.4 Билатерална и мултилатерална соработка 78

## 9. Приоритети за 2015 79

# ТОЛКОВЕН РЕЧНИК НА НАЈЧЕСТО УПОТРЕБУВАНИ ПОИМИ

Во Законот за заштита на личните податоци е дефинирано значењето на следниве поими:

**"Личен податок"** е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува, а лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, ментален, економски, културен или социјален идентитет;

**"Обработка на личните податоци"** е секоја операција или збир на операции што се изведуваат врз лични податоци на автоматски или друг начин, како што е: собирање, евидентирање, организирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, изедначување, комбинирање, блокирање, бришење или уништување;

**"Збирка на лични податоци"** е структурирана група лични податоци која е достапна согласно со специфични критериуми, без оглед дали е централизирана, децентрализирана или распространета на функционална или географска основа.

**"Субјект на лични податоци"** е секое физичко лице на кое се однесуваат обработените податоци;

**"Контролор на збирка на лични податоци"** е физичко или правно лице, орган на државната власт или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци (во натамошниот текст: контролор). Кога целите и начинот на обработка на личните податоци се утврдени со закон или друг пропис, со истиот закон, односно пропис се определуваат контролорот или посебните критериуми за негово определување;

**"Обработувач на збирка на лични податоци"** е физичко или правно лице или законски властен орган на државната власт кое ги обработува личните податоци за сметка на контролорот.

**"Трето лице"** е секое физичко или правно лице, орган на државната власт или друго тело, кое не е субјект на лични податоци, контролор, обработувач на збирка на лични податоци или лице кое под директно овластување на контролорот или обработувачот на збирка на лични податоци е овластено да ги обработува податоците;

**Корисник"** е физичко или правно лице, орган на државната власт или друго тело на кое му се откриваат податоците;

**"Согласност на субјектот на лични податоци"** е слободно и изречно дадена изјава на волја на субјектот на лични податоци со која се согласува со обработката на неговите лични податоци за однапред определени цели;

**"Посебни категории на лични податоци"** се лични податоци кои го откриваат расното или етничко потекло, политичко, верско, философско или друго уверување, членството во синдикална организација и податоци што се однесуваат на здравјето на луѓето, вклучувајќи ги и генетските податоци, биометриски податоци или податоци кои се однесуваат на сексуалниот живот;

**„Трета земја“** е земја која не е членка на Европската унија или не е членка на Европскиот економски простор.

## Останати поими употребени во овој Извештај

**Најзначајни меѓународни акти со кои се регулира правото на приватност:** Универзалната Декларација за човековите права, Европската Конвенција за човековите права и Меѓународен Пакт за граѓански и политички права.

**Правото на приватност во Уставот на Република Македонија:** опфаќа неколку основни права: на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и на угледот; на секој граѓанин му се гарантира неповредливост на домот; притоа, правото на неповредливост на домот може да биде ограничено единствено со судска одлука кога е во прашање откривање или спречување на кривични дела или заштита на здравјето на луѓето; се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци; се гарантира слободата и тајноста на писмата и на сите други облици на комуникација; од ова право може да се отстапи само врз основа на судска одлука и во соодветна законска постапка.

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **ЕДПС** | Европски орган за заштита на личните податоци |
| **ДЗЛП** | Дирекција за заштита на личните податоци |
| **ЗЗЛП** | Закон за заштита на личните податоци |
| **ЕК** | Европска комисија |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МФ** | Министерство за финансии |
| **МЕ** | Министерство за економија |
| **МЗШВ** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| **МП** | Министерство за правда |
| **ФЗОМ** | Фонд за здравствено осигурување на Македонија |
| **БРО** | Биро за развој на образованието |
| **ЈО** | Јавно обвинителство |
| **НВО** | Невладина организација |
| **ЕНЕР** | Единствен електронски регистар на прописи |
| **МИОА** | Министерство за информатичко општество и администрација |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **CSCU** | Обука за дигитална безбедност |
| **БЕГ** | Балкан Енерџи Груп |
| **ЕВН** | Компанија за дистрибуција и снабдување со електрична енергија во Република Македонија |
| **МРТВ** | Македонска радио телевизија |
| **CEEDPA** | Конференција за заштита на личните податоци на земјите од Централна и Источна Европа |
| **IWGDPT** | Меѓународната работна група за заштита на личните податоци во телекомуникацискиот сектор |
| **CHW** | Работилница за постапување по случаи |
| **CAHDATA** | Ад хок Комитет за заштита на лични податоци на Совет на Европа |
| **TAIEX** | Инструмент за техничката помош и размена на информации на Европската комисија |
| **EUROPOL** | Европол -Одделение за спроведување на законот на Европската унија |
| **EUROJUST** | Европравда—Одделението за судска соработка на Европската унија |
| **JSB** | Заеднички надзорен орган при Европравда |
| **Article 29 working party** | Работна група основана согласно Член 29 од Директивата 95/46/ЕК на ЕУ |

# 1. ВОВЕД

## 1.1 Правна рамка

Во Република Македонија, правото на заштита на личните податоци е нормирано во член 18 од Уставот на Република Македонија од 1991 година: "Се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци. На граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците", додека правото на приватност е нормирано во членовите 17, 25 и 26 од Уставот. Законот за заштита на личните податоци е целосно усогласен со Директивата на Европскиот парламент и Советот 95/46/ЕС. Законската рамка за заштита на личните податоци во Република Македонија ја надополнува и Законот за ратификација на Конвенцијата на Совет на Европа бр.108/81 за заштита на физичките лица во поглед на автоматската обработка на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 07/2005), ратификувана на 24.03.2006 година, а стапи на сила на 01.07.2006 година. Собранието на Република Македонија во 2007 го ратификуваше и Дополнителниот Протокол на Конвенцијата во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоците.

Во 2010 година направени се втори измени на Законот за заштита на личните податоци („Сл. весник на РМ" бр. 124/10) со кои се обезбеди целосно сообразување на законодавството и спроведување на законите, усогласување на Законот за заштита на личните податоци со националното законодавство на Република Македонија и воспоставување на поефикасен систем на заштита на личните податоци.

Во текот на 2014 година, иницирани се измени и дополнувања на Законот за заштита на лични податоци, и предлогот е доставен на разгледување до ресорното министерство, за понатаму да биде проследен до Владата, односно Собранието на Република Македонија.

Правото на приватност има големо значење за поединецот, и во голем број земји ширум светот, ова право е нормирано со Уставот како највисок конститутивен акт на државата, каков што е случајот и со Република Македонија.

Во нашиот Устав, во делот посветен на Граѓанските и политичките слободи и права, се опфатени неколку човекови права кои се компоненти на правото на приватност, бидејќи приватноста е поширок, сложен концепт, односно сублимат на неколку поединечни права.

Во таа смисла, важно е да се споменат следните права:

⇒ На секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот (член 25).

⇒ На секој граѓанин му се гарантира неповредливост на домот. Правото на неповредливост на домот може да биде ограничено единствено со судска одлука кога во прашање е откривање или спречување на кривични дела или заштита на здравјето на луѓето (член 26).

⇒ Се гарантира слободата и тајноста на писмата и на сите други облици на комуникација. Од ова право може да се отстапи само врз основа на судска одлука и во соодветна законска постапка (член 17).

Издигнувањето на правото на приватност на ранг на уставна категорија укажува на огромното значење на ова право за поединецот, кое со себе носи определени права/ овластувања и обврски/одговорности и тоа како за поединецот-носител на правото, така и за останатите поединци, но и за државата и нејзините институции.

Приватноста претставува и едно од фундаменталните човекови права воопшто во светот, утврдено и регулирано со најзначајните меѓународни правни акти меѓу кои: Универзалната Декларација за човековите права на ООН, Европската Конвенција за човековите права и Меѓународниот Пакт за граѓански и политички права. Согласно Универзалната Декларација за човековите права, акт на најголемата глобална меѓународна организација -ООН: „Никој не смее да биде изложен на произволно вмешување во неговиот приватен и семеен живот, домот или преписката, ниту пак на напади врз неговата чест и углед. Секој има право на законска заштита против таквото мешање или напади."

Слична дефиниција дава и Советот на Европа, како најзначајна меѓународна организација во сферата на промовирањето и заштитата на човековите права и слободи во членот 8 од Европската Конвенција за човекови права, според која: „Секој човек има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, на домот и на преписката. Јавната власт не смее да се меша во остварувањето на ова право, освен ако тоа мешање е предвидено со закон и ако претставува мерка потребна во едно демократско општество, која е во интерес на националната и јавната безбедност, на економската благосостојба на земјата, за спречување на безредија или криминал, за заштита на здравјето или моралот, или за заштита на правата и слободите на другите."

Република Македонија пристапи кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи на Совет на Европа во 1995 и ја ратификуваше на 10 април 1997 година, со што се надополни законската рамка за заштита на човековите права и основни слободи.

Со Законот за заштита на личните податоци предвидено е основање на Дирекција за заштита на личните податоци ( во понатамошниот текст : Дирекцијата) , која ќе биде надлежна за вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработување на личните податоци и нивната заштита на територијата на Република Македонија.

Дирекцијата за заштита на личните податоци е основана на 22 јуни 2005 година, кога е именуван првиот директор со Одлука на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.50/05).

Дирекцијата е самостоен и независен орган со својство на правно лице. Ваквиот статус и обезбедува независност во однос на органите на извршната, законодавната и судската власт, како и во однос на органите на локалната власт.

Со Дирекцијата раководи директор, кој го именува и разрешува Собранието на Република Македонија, во постапка која ја води Комисија за именување при Собрание на РМ, по пат на објава на јавен оглас, за период од 5 години со право на повторен избор. Директорот има заменик кој го именува и разрешува Собранието на предлог на Комисија за именување за период од 5 години. За својата работа директорот и неговиот заменик одговараат пред Собранието.

Директорот доставува до Собранието на Република Македонија Годишен извештај за работата на Дирекцијата. По потреба и по барање на Собранието на Република Македонија, директорот доставува дополнителен извештај. Директорот ги донесува и сите одлуки и решенија во врска со работата на Дирекцијата, согласно законот за заштита на личните податоци.

**Дирекцијата е со седиште на: бул. „Гоце Делчев“ бр. 18, зграда на МРТВ, 14 кат, Скопје.**

## 1.2 Мисија и визија

### МИСИЈА:

Мисијата на Дирекцијата за заштита на личните податоци се исполнува преку вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработување на личните податоци и нивната заштита во Република Македонија.

### ВИЗИЈА:

Визијата на Дирекцијата е постапување според европските стандарди и критериуми, применувајќи современи информациски и комуникациски технологии и постапки, да обезбеди целосна примена на прописите за заштита на лични податоци и поддршка на граѓаните на Република Македонија при остварувањето на правото на заштитата на личните податоци.

## 1.3 Надлежности

**Дирекцијата е креатор на политика за доследно спроведување на прописите за заштита на личните податоци на национално ниво, а особено**:

- Подготвува и донесува подзаконски акти поврзани со спроведување на прописите за заштита на личните податоци;
- Дава мислења по предлог-закони и подзаконски акти од различни области, кога истите ја допираат материјата за заштита на лични податоци;
- Дава мислење по интерни акти на контролори во областа на заштитата на личните податоци
- Развива политики и дава насоки во врска со заштитата на личните податоци на национално ниво ;
- Дава мислење по предлози на кодекси на однесување што се однесуваат на заштитата на личните податоци

**Законитост и правичност при обработката на личните податоци**

- Врши надзор над законитоста на обработката на личните податоци согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци;
- Издава претходно одобрение за обработка на посебни категории на лични податоци;
- Изрекува забрана за обработка на личните податоци на контролорот;
- Изрекува санкции согласно закон;

**Орган надлежен за водење регистар и евиденции**

- Води евиденција за извршен пренос на лични податоци во други држави;
- Води Централен регистар на збирки на лични податоци за контролори и обработувачи;
- Издава одобрение за пренос на личните податоци во други држави;

**Промотор/чувар на правото за заштита на личните податоци**

- Постапува по иницијативи од граѓани и поднесени барања за утврдување на повреда на правото ;
- Одговара на претставки од физички и правни лица во поглед на незаконитост при обработка на лични податоци ;
- Континуирано врши едукација на контролори и обработувачи и дава стручна помош на истите ;
- Води прекршочна постапка преку Комисија за одлучување по прекршок во согласност со закон;

**Единствен национален орган надлежен за спроведување на прописите во областа на заштита на личните податоци**

- Постапува по барања на надзорни тела во областа на заштитата на личните податоци на други држави во врска со извршувањето на нивните активности преку правна помош на територијата на Република Македонија;
- Остварува меѓународна соработка со други органи за заштита на лични податоци, учествува во работата на меѓународните работни тела и институции од областа на заштитата на личните податоци;

**Врши други работи утврдени со закон**

# 2. ПОЛИТИКИ НА УПРАВУВАЊЕ И СТРАТЕШКО РАБОТЕЊЕ

## 2.1 Стратегија на работењето

Основните развојни политики на работењето на Дирекцијата за заштита на личните податоци во извештајната 2014 година беа целосно во насока на спроведување на стратешките приоритети и цели за обезбедување на законитост и правичност во обработката на личните податоци, како и транспарентен и ефикасен систем на остварување на правото на заштитата на личните податоци на секој граѓанин.

Потребата да се обезбедат сеопфатни и ефикасни мерки за спроведување на стратешките приоритети при работењето, дефинирани во основниот стратешки документ „Стратегија за заштита на личните податоци во Република Македонија 2012-2016 и Акциски план за нејзино спроведување“, во голем дел значеше остварување ефикасна соработка со сите релевантни државни органи, институции, јавен и приватен сектор, граѓанскиот сектор, медиумите и помеѓу сите структури на општественото и социјално-политичко живеење.

Во исполнување на стратешката определба и приоритети за работа за 2014 година, беа донесени годишните документи за работа на Дирекцијата и истите беа објавени на веб-страницата на Дирекцијата: Годишна програма за работа за 2014 година и Годишна програма за вршење на инспекцискиот надзор за 2014 година, како и месечните планови за вршење инспекциски надзори во текот на 2014 година. На тој начин Дирекцијата се препознава како субјект којшто во своето работење манифестира професионално, систематско организирано и транспарентно следење на работата од страна на сите инволвирани субјекти и засегнати страни при спроведувањето на стратешките приоритети, како и поставување на јасни определби за работа во текот на целата година.

Во јуни 2014 беше усвоен Стратешки план на Дирекцијата за заштита на лични податоци за период од 2015 до 2017 година  како водич на сите вработени во Дирекцијата, во однос на исполнување на приоритетите, целите и задачите на Дирекцијата. Функцијата на самиот документ е насочување на активностите на Дирекцијата кон реализација на стратешките цели со цел поефикасно и поефективно остварување на мисијата и визијата на институцијата.

Во рамки на своето работење, одлуките на извршно ниво беа надградувани преку континуирано следење на новите трендови и развојни програми, како на другите институции на национално ниво, така и преку активно следење на новините во европски и меѓународни рамки на работата на органите за заштита на лични податоци, особено во делот на издадените мислења на Работната група 29 (Article 29 WP) како консултативно тело на Европска Комисија, во рамки на Директоратот за правда и Европскиот орган за заштита на личните податоци (EDPS).

## 2.2 *Анализа на работењето*

Во 2014 година согласно планираното со Акцискиот план, Дирекцијата ги оствари следните резултати:

- Инспекциски надзор во следните области: образование, телекомуникации, правосудство, работни односи, државна управа, здравство, економија
- Континуирано евидентирање и одобрување на регистрирање на контролори и нивни збирки со лични податоци.
- Подготовка на годишни/полугодишни и други извештаи.
- Обуки на контролорите и обработувачите согласно утврдената динамика и областите определени во Годишната програма за обуки на контролори и обработувачи за 2014 година.
- Реализацијата на проектот "Одржлив систем за континуирано основно и средно образование за принципите на заштита на личните податоци".
- Усвоени се работните процедури, а во рамките на Норвешкиот грант за институционално јакнење на Дирекцијата „Техничка помош за зајакнување на организациските и институционалните капацитети за заштита на личните податоци" во втората половина на 2014 година се спроведе во целост ISO стандардизација на работењето на Дирекцијата, ревизија на web страната на Дирекцијата, изготвување на студија за Cloud computing, воспоставување на IT алатки во насока на зголемување на јавната свест и промоција на барањето за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци и други активности предвидени во проектот.
- Соработка на Дирекцијата со БЕГ, ЕВН, МРТВ, Водовод и канализација Скопје за обезбедување на ажурирани податоци на корисниците на услуги и нивното право за заштита на личните податоци од страна на давателите на услуги, преку проектна активност со наслов „Со доверба до подобра услуга".
- Дирекцијата беше домаќин и ко-организатор на CEEDPA Конференција на органите за заштита на личните податоци од Централна и Источна Европа, во април 2014 година во Скопје.
- ДЗЛП беше домаќин и ко-организатор и на IWGDPT - Меѓународната група за заштита на личните податоци во телекомуникациите – Берлинска Група, во мај 2014 година.
- Во октомври 2014 , ДЗЛП беше домаќин на 26 Работилница по случаи (Case Handling workshop) за заштита на личните податоци.
- Склучени меморандуми за соработка со високо образовни институции во Република Македонија.
- Спроведување на проектот „Час по приватност" - едукативни предавања во 21 средно училиште на територија на Град Скопје.

Согласно Извештајот за посетеност на Facebook и веб-страната на Дирекцијата за заштита на личните податоци, утврдено е дека планираните активности од Комуникациската стратегија за 2014 година се во целост постигнати, имајќи го предвид зголемувањето од 46 % на посетеноста на ФБ профилот на Дирекцијата за заштита на личните податоци, како и зголемување на посетеноста на веб-страната на ДЗЛП.


MQS
СЕРТИФИКАТ
Македонска Организација за Сертификација и Оценување доделува МКС Сертификат на следната организација:
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
Бул. "Гоце Делчев" Бр.18, 1000, Скопје, Р. Македонија
NACE: 84.11
EAC: 36
Надзор над законитоста на преземените активности при обработување на личните податоци и нивна заштита во Република Македонија постапувајќи според европските стандарди и критериуми, применувајќи современи информациски и комуникациски технологии.
Важноста на овој Сертификат на МКС ќе се одржува со годишни надзорни проверки.
Со овој Сертификат се потврдува примената и понатамошниот развој на ефикасен
СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ
Во согласност со барањата на стандардот:
ISO 9001:2008
Регистарски бр.: Q 1083/0
Прво издавање: 10.11.2014
Важи до: 09.11.2017
Скопје, 10.11.2014
МКС - Сертификација и Оценување
Потписот е отстранет поради безбедносни причини.
Signature has been removed for security reason
Вело Темелкоски
Директор

Во текот на извештајната 2014 година Дирекцијата за заштита на личните податоци ја спроведе и ја заврши постапката за воведување Систем за управување со квалитет во согласност со барањата на стандардот ИСО 9001:2008 и за истото е издаден Сертификат под рег.бр.Q 1083/0 од 10.11.2014 година од страна на Македонската организација за сертификација и оценување МКС ДОО Скопје.

При вршењето на проверката и сертификацијата, од страна на овластениот ревизор е констатирано дека системот за менаџмент е добро поставен и се применува во пракса и не се најдени големи или мали неусогласености во однос на барањата на стандардот ISO 9001:2008, кои можат да се рефлектираат на квалитетот на услугата. Забелешките и препораките за подобрување дадени од ревизорот, а дефинирани во Ревизорскиот извештај за оценка на системот за управување со квалитет, ќе бидат инкорпорирани во системот. Наредната преоценка на системот е во 2015 година.

Дирекцијата за заштита на личните податоци континуирано ќе го преиспитува системот за управување со квалитет и ќе ги подобрува процесите, заради успешна реализација на услугите кои ги испорачува.

Во 2014, од страна на Државниот завод за ревизија беше спроведена ревизија на успешност, со цел да се оцени ефикасност и ефективност на финансиското управување и контрола, во делот на вршење на работите на ефикасен и ефективен начин, усогласување на работата со законите и актите, заштита на имотот, користење на буџетски средства, јакнење на одговорноста при извршување на задачите и внатрешна ревизија. Периодот кој беше опфатен со ревизијата е 2013 и 2014 година.

Согласно Извештајот за извршената ревизија, констатирано е дека: донесени и имплементирани се стратешки документи, правилници за организација и систематизација, кодекс на однесување, пропишани се и имплементирани се контроли со процедурите за интерните контроли, извршено е разграничување на одговорностите и овластувањето, воспоставени се контролни активности за редовно следење, усогласување и одобрување на евиденциите со документацијата, воспоставена е внатрешната ревизија , што упатува дека се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешна ревизија за непречено остварување на целите на Дирекцијата.

Донесена е и Стратегија за управување со ризик, во насока на поддржување на процесот на управување со ризиците.

## 1.3 ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Стручен, амбициозен, квалитетен и способен кадар е императив на секоја институција која се стреми кон успешна работа и постигање високи резултати во доменот на своето дејствување. Дирекцијата за заштита на лични податоци располага со високо образован и исклучително квалитетен кадар кој вложува големи напори во носење навремени и релевантни одлуки за исполнување на поставените цели.

Во 2014 година, направени се три измени на Правилникот за систематизација на работни места во Дирекцијата за заштита на лични податоци, по претходно добиена согласност од Агенцијата за администрација. Измените се направени со цел поефикасно организирање на работните процеси и искористување на човечките ресурси, и со истите се систематизирани три нови работни места, на помошник раководител на сектор, магационер и општ работник. Во 2014 година, со направените промени во систематизацијата опишани се вкупно 49 работни места, за 53 извршители распоредени по организациски единици.




Во 2014 година, бројот на вработени во Дирекцијата изнесува **22 вработени** и сите имаат статус на државни службеници. Во текот на годината, поради заминување на кадар во приватен сектор, односно други државни институции, беа испразнети три работни места, едно на позиција помлад референт, советник и раководител на одделение. Преку склучување на Договори за волонтерска работа, во Дирекцијата волонтираа двајца волонтери. За потребите на Дирекцијата, во текот на 2014 година беа ангажирани вкупно **15** надворешни лица за вршење услуги по различен основ (по однос на авторски договори и други договори за привремено вршење на работа: преводи на документи и материјали, одржување хигиена, молерски услуги, ангажирање лица за поддршка на организирање на конференции, изготвување на графичко решение за официјална маскота на Дирекцијата „Приватко“, членови на комисија за конкурсот „Приватноста е моја, иако сум дете“).

Во текот на 2014 година беа иницирани постапки за вработување на вкупно 6 лица. Преку јавен оглас за вработување на државни службеници беше иницирана постапка за вработување на вкупно 5 лица за работни позиции на раководител на одделение, две работни позиции на советник и две работни позиции за помлад соработник. Иницираните постапки за вработување делумно беа завршени во почеток на 2015 и беа вработени двајца државни службеници. Останатите ќе се повторат во 2015 година.




Исто така, во текот на 2014 година беше иницирана постапка за вработување на едно лице преку Програмата на Влада на РМ за вработување на 300 лица со инвалидност, со преземање од ЈП Македонски шуми, Скопје, која се заврши во јануари 2015 година.

Во однос на образованието, најголем дел (21 од вкупно 22) од вработените имаат високо образование што укажува на високо ниво на стручност и знаење во областа која ја работат. Во поглед на старосната граница на вработените, најголем дел од нив ( 77% од вкупниот број вработени) се на возраст од 25-44 години, што дополнително придонесува кон голема посветеност, амбициозност и свежи идеи кои ја унапредуваат работата на Дирекцијата и придонесуваат кон постигање високи резултати.




Обуките и тренинзите за збогатување на знаењето и искуството на вработените се еден од приоритетите на Дирекцијата. Во текот на извештајната 2014 година, посебно внимание беше посветено на стручното оспособување и усовршување на вработените, преку посетување на генерички и специјализирани обуки предвидени со Годишната програма за обуки на државни службеници на Дирекцијата.

Во текот на 2014 година вработените од Дирекцијата присуствувале на вкупно **28 обуки**, од кои 23 специјализирани обуки и 5 генерички обуки во организација на МИОА како учесници, модератори, обучувачи. Повеќето од обуките се реализирани со финансиски средства на Европската Комисија преку TAIEX инструментот, дел од Норвешки грант за зајакнување на организациските и институционалните капацитети за заштита на личните податоци, како и од страна на Дирекцијата за заштита на личните податоци и од средства на други организации или институции.

Дополнително беа реализирани и обуки за медиумите и заштитата на личните податоци, како и обуки за обучувачи за дел од вработените кои не се во предвидените обуки во годишната програма и исто така Дирекцијата за прв пат беше домаќин на меѓународна "Работилницата за постапување по случаи", на која учествуваат експерти од земјите членки на ЕУ и Балканот.




Еден инспектор учествуваше на 3 месечна Програма во Република Словенија, која вклучува семинари и тренинг од областа на европските интеграции, добри практики на управата и заштита на личните податоци финансиран од независна фондација- Европски фонд за Балканот.

Бројот на обуки кои ги посетиле вработените на ДЗЛП е во континуиран раст, што е уште еден показател за заложбите на Дирекцијата да располага со високо стручен и квалитетен кадар кој континуирано се надградува и напредува.

На располагање на вработените на Дирекцијата е и Библиотека каде можат да се најдат стотина наслови на преведена литература од повеќе области, како дел од проектот „1000 книги" на Владата на Република Македонија, и истите се во функција на збогатување на знаењето на вработените преку примери и најдобри пракси од странство.

## Интерни акти

Во рамки на своето работење, Дирекцијата постапува и по интерни акти кои се донесени низ годините, кои следуваат во прилог:

### Правилници во сила на Дирекцијата

- Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/09 и 158/10)
- Правилник за формата и содржината на образецот на Известувањето за обработка на личните податоци и за начинот на известувањето во Централниот регистар на збирки на лични податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 155/08)
- Правилник за изменување и дополнување на правилникот за образецот, формата и содржината на легитимацијата и за начинот на нејзиното издавање и одземање („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10)
- Правилник за формата и содржината на барањето за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 144/11)

- Правилник за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10)
- Правилник за формата и содржината на образецот за евиденција на извршениот пренос на лични податоци како и за начинот на водење евиденција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10)
- Правилник за начинот на вршење на инспекцискиот надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10 и 144/14)
- Правилник за начинот на водење на единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки во прекршочна постапка, како и начинот на пристап до информации кои се содржани во евиденцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/08)
- Правилник за образецот, формата и содржината на легитимацијата и за начинот на нејзиното издавање и одземање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 143/08)
- Правилник за внатрешна организација на Дирекцијата за заштита на личните податоци 01-1292/1 од 24.6.2012 година
- Правилник за систематизација на работните места во Дирекцијата за заштита на личните податоци
- Правилник за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата, како и начинот на водење на евиденција за спроведената евиденција („Службен весник на Република Македонија “ бр.158/10)
- Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица бр.01-293/6 од 15.02.2011
- Правилник за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување , како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци
- Правилник за начинот на уништување на документите , како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумот во Дирекцијата за заштита на личните податоци
- Правилник за пријавување, реакција и санирање на инциденти во Дирекцијата за заштита на личните податоци

**Листа на упатства во сила на Дирекцијата**

- Упатство за внатрешен ред во Дирекцијата за заштита на личните податоци
- Упатство за постапки при загрозеност на безбедноста на класифицираните информации во Дирекцијата за заштита на личните податоци

- Упатство за начинот на користење на службените моторни возила на Дирекцијата за заштита на личните податоци
- Упатство за дополнување на Упатството за начинот на користење, чување, одржување и евиденција на движните ствари на Дирекцијата за заштита на личните податоци
- Упатство за видот, начинот на изработка, користење и чување на класифицираните информации во Дирекцијата за заштита на личните податоци
- Упатство за начинот на вршење на надворешна контрола
- Упатство за начинот на користење на Софтверот за инспекциски надзор
- Упатство за начинот на управување со процесот на стручно оспособување и усовршување
- Упатство за начинот на организирање и спроведување на обуки за контролори и обработувачи
- Упатство за начинот на постапување на инспекторот за заштита на личните податоци во постапката за порамнување
- Упатство за одржување на хигиената и чистење на работните простории во Дирекцијата
- Упатство за начинот на објавување на содржини на интернет страницата на Дирекцијата
- Упатство за начинот на водење на евиденција за лица овластени за вршење на обработка на лични податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории во Дирекцијата
- Упатство за подготовка и извршување на попис во Дирекцијата
- Упатство за начинот на постапување со влезни фактури во Дирекцијата
- Упатство за начинот на користење на библиотеката на Дирекцијата за заштита на личните податоци и Библиотека на Дирекцијата за заштита на личните податоци
- Упатство за користење на клуб картички за такси превоз за службени потреби на Дирекцијата
- Упатство за начинот на распоредување и пристапување до просториите на Дирекцијата за заштита на личните податоци
- Упатство за начинот на прием на странки и посетители во Дирекцијата за заштита на личните податоци
- Упатство за внатрешни работни процедури за имплементација на проекти од крајните приматели / корисници од ИПА компонента I

**Листа на програми, планови, стратегии и одлуки во сила на Дирекцијата**

- Програма за спроведување на практична настава за студенти во Дирекцијата за заштита на личните податоци бр.04-1807/1
- Програма за волонтирање во Дирекцијата за заштита на личните податоци бр.04-1806/1
- Програма за спроведување на сертифицирани обуки за дигитална безбедност на компјутерски корисници-CSCU бр.01-1612/2
- План за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци бр.01-743/1
- План за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола бр.01-1961/1
- Комуникациска стратегија за 2012-2016 година на Дирекцијата за заштита на личните податоци.
- Одлука за формата и содржината на Иницијативата за вршење на инспекциски надзор бр.02-850/1
- Одлука за определување на должината на годишниот одмор на државниот службеник или друг вработен во Дирекцијата за заштита на личните податоци бр.04-860/1
- Одлука за определување на висината на трошоци за вршење обука на заинтересирани контролори и обработувачи бр.02-1396/1
- Одлука за користење на средствата за репрезентација на Дирекцијата за заштита на личните податоци бр.02-731/1

Во рамки на своето работење, Дирекцијата има воспоставено вкупно **22** процедури .

# ОРГАНОГРАМ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**ДИРЕКТОР**

**ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА**
(3 вработени)
*Раководител на одделение
*Советник за буџетска координација
*Помлад соработник за јавни набавки

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

ДРЖАВЕН СОВЕТНИК

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**
(1 вработен)
* Советник за управување со човечки ресурси

**СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР**
(2 вработени)
* Раководител на сектор за инспекциски надзор, главен инспектор за заштита на лични податоци
* Помошник раководител на сектор за инспекциски надзор

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НАД ЈАВЕН СЕКТОР**
(4 вработени)
* Раководител на одделение за инспекциски надзор над јавен сектор
* Виш инспектор за заштита на лични податоци над јавен сектор
* Инспектор за заштита на лични податоци над јавен сектор,помлад соработник
* Самостоен референт, документарист

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НАД ПРИВАТЕН СЕКТОР**
(4 вработени)
* Раководител на одделение за инспекциски надзор над приватен сектор
* Виш инспектор за заштита на лични податоци над приватен сектор
* Инспектор за заштита на лични податоци над приватен сектор,помлад соработник
* Инспектор за заштита на лични податоци над приватен сектор,помлад соработник

**СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ**
(1 вработен )
*Раководител на сектор за општи и правни работи

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НОРМАТИВНО-ПРАВНИ РАБОТИ И ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕДЛОЗИ И ПРЕТСТАВКИ**
(1 вработен )
* Помлад соработник за административно -правни работи

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР, ПЛАНИРАЊЕ, АНАЛИЗА, СТАТИСТИКА ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ПРАВНИ РАБОТИ.**
( 3 вработени )
* Советник за Централен регистар, планирање, анализа и логистика
* Помлад соработник за општи работи
* Помлад референт, доставувач

**СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА,ПРОЕКТИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
(1 вработен )
*Раководител на сектор

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА, ПРОГРАМИРАЊЕ, РЕАЛИЗАЦИЈА,СЛЕДЕЊЕ И ПРОЦЕНКА НА ПРОЕКТИ**
(1 вработен )
* Советник за Европски интеграции и спроведување на проекти

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**
( 1 вработен )
* Помлад соработник за стручно оперативна поддршка за меѓународна соработка и проекти

# 1.4 ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

## *1.4.1. РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ ЗА 2014 ГОДИНА – СМЕТКА ТИП 637*

Завршната сметка за 2014 година за сметката 637 на Дирекцијата е прифатена со следните показатели:

| | денари |
|---|---|
| Вкупен буџет за 2014 година | 16.081.000 |
| Остварен вкупен приход (трансфери од Буџетот на РМ) | 15.739.292 |
| Остварени вкупни трошоци | 15.739.292 |
| Нето вишок на приходите - добивка пред оданочување | 0 |
| Данок од вишокот на приходите – добивката | 0 |
| Нето вишок на приходите – добивка за пренос во наредната година | 0 |

*Табела бр. 1 Распределба на буџетот за 2014 по сметка 637*

**Буџет 16.081.000 денари**

Од вкупниот одобрен буџет на Дирекцијата за 2014 година во износ од **16.081.000** денари, реализирани се 97,88%, односно 15.739.292 денари. Во однос на структурата на Буџетот со сите одобрени пренамени на средства во текот на 2014 година, 12.721.000 денари или 79,11% од средствата се однесуваат на основни плати и придонеси за социјално осигурување, 3.345.000 денари или 20,80% од средствата се однесуваат на стоки и услуги, а 15.000 денари или 0,09% од средствата се однесуваат на разни трансфери. Во споредба со одобрениот буџет кој Дирекцијата го имаше во 2013, кој изнесуваше 15.297.000 денари, се бележи зголемување од 5, 12 %.



| Ставка | Буџет 2014 | Реализација | % на реализација |
|---|---|---|---|
| 401 | 9.207.000 | 9.097.844 | 98,81% |
| 402 | 3.514.000 | 3.364.970 | 95.76% |
| 420 | 290.000 | 290.000 | 100% |
| 421 | 1.700.000 | 1.616.478 | 95,09% |
| 423 | 150.000 | 150.000 | 100% |
| 424 | 190.000 | 190.000 | 100% |
| 425 | 590.000 | 590.000 | 100% |
| 426 | 425.000 | 425.000 | 100% |
| 464 | 15.000 | 15.000 | 100% |
| Вкупно | 16.081.000 | 15.739.292 | 97,88% |

*Табела бр.2 - Преглед на реализација на финансиски средства по ставки во 2014 година*




| Ставка | Реализација 2013 | Реализација 2014 | 2014/2013 во проценти |
|---|---|---|---|
| 401 | 8.870.377 | 9.097.844 | 102,56 |
| 402 | 3.280.829 | 3.364.970 | 102,56 |
| 420 | 140.000 | 290.000 | 207,14 |
| 421 | 1.975.916 | 1.616.478 | 81,81 |
| 423 | 244.000 | 150.000 | 61,48 |
| 424 | 100.598 | 190.000 | 188,87 |
| 425 | 309.063 | 590.000 | 190,90 |
| 426 | 30.000 | 425.000 | 1.416,67 |
| 464 | 0 | 15.000 | 100 |
| 485 | 60.000 | 0 | 0 |
| Вкупно | 15.010.783 | 15.739.292 | 105 |

*Табела бр.3 – Компаративен преглед на реализација на финансиски средства по ставки 2014 година во однос на 2013 година*

Компаративен преглед на реализација на финансиски средства по ставки - 2013 година во однос на 2014 година




## *1.4.2 РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ ЗА 2014 ГОДИНА-СМЕТКА ТИП 631*

Завршната сметка за 2014 година за сметката од типот 631 на Дирекцијата е прифатена со следните показатели:

| | денари |
|---|---|
| Вкупен одобрен Буџет за 2014 година | 4.300.000 |
| Приходи пренесени од претходна година | 1.083.201 |
| Остварен вкупен приход | 2.306.317 |
| Остварени вкупни трошоци | 2.457.505 |
| Нето вишок на приходите - добивка пред оданочување | 932.013 |
| Данок од вишокот на приходите – добивката | 0 |
| Нето вишок на приходите – добивка за пренос во наредната година | 932.013 |

*Табела бр. 4 Распределба на Буџет за 2014 по сметка 631*

Дирекцијата по основ на обуки за заштита на лични податоци за заинтересирани обработувачи и контролори на лични податоци во текот на 2014 година оствари приход од 2.306.317 денари.

Во однос на ова, да истакнеме дека и во 2014 година е остварен континуитет и задоволително ниво на обуки

**Остварен приход по основ на обуки за заштита на лични податоци**



Од вкупниот одобрен буџет на проектирани приходи на Дирекцијата за 2014 година во износ од 4.300.000,00 денари, реализирани се 57,15% односно 2.457.505 денари. Во однос на структурата на одобрениот буџет, 97,21% или 4.180.000 денари од средствата се однесуваат на стоки и услуги, а 2,79 % или 120.000 денари од средствата се однесуваат на капитални расходи.




| Ставка | Буџет 2014 | Реализација | % на реализација |
|---|---|---|---|
| 420 | 1.200.000 | 999.016 | 83,25 |
| 421 | 950.000 | 189.647 | 19,96 |
| 423 | 480.000 | 63.748 | 13,28 |
| 424 | 300.000 | 206.470 | 68,82 |
| 425 | 650.000 | 650.000 | 100,00 |
| 426 | 600.000 | 290.508 | 48,42 |
| 480 | 60.000 | 58.116 | 96,86 |
| 485 | 60.000 | 0 | 0,00 |
| Вкупно | 4.300.000 | 2.457.505 | 57,15 |

*Табела бр.5 - Преглед на реализација на финансиски средства по ставки во 2014 година*

| Ставка | Реализација 2013 | Реализација 2014 | 2014/2013 во проценти |
|---|---|---|---|
| 420 | 913.957 | 999.016 | 109,31 |
| 421 | 191.955 | 189.647 | 98,80 |
| 423 | 72.728 | 63.748 | 87,65 |
| 424 | 149.824 | 206.470 | 137,81 |
| 425 | 498.820 | 650.000 | 130,31 |
| 426 | 244.582 | 290.508 | 118,78 |
| 480 | 100.268 | 58.116 | 57,96 |
| Вкупно | 2.172.134 | 2.457.505 | 113,14 |

*Табела бр.6 –Компаративен преглед на реализација на финансиски средства по ставки -2014 година во однос на 2013*




## *1.4.3 РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ ЗА 2014 ГОДИНА – СМЕТКА ТИП 785*

Завршната сметка за 2014 година за сметката од типот 785 на Дирекцијата е прифатена со следните показатели:

| | *денари* |
|---|---|
| Приходи пренесени од претходна година | 3.759.309 |
| Остварен вкупен приход | 22.422.724 |
| Остварени вкупни трошоци | 9.001.107 |
| Нето вишок на приходите - добивка пред оданочување | 17.180.926 |
| Данок од вишокот на приходите – добивката | 0 |
| Нето вишок на приходите – добивка за пренос во наредната година | 17.180.926 |

*Табела бр. 7 Распределба на Буџет за 2014 година по сметка 785*

Дирекцијата за заштита на личните податоци по основ на договори за донации со Норвешкото министерство за надворешни работи во текот на 2014 година оствари вкупен приход од 26.182.033 денари, од кои 10.618.510,00 денари се средства кои како прилив Дирекцијата ги оствари во декември 2014 година по основ на новиот договор МАК-14-0014, со кои ќе се реализира новиот проект „Континуирана поддршка за унапредување на системот за заштита на личните податоци“ во 2015 година. По основ на договор за донација од Норвешкото министерство за надоворешни работи, споредбено со 2013 година кога беше остварен приход од 6.033.545, зголемувањето на добиените средства во 2014 е повеќе од четирикратно.

Од вкупните приходи на располагање по основ на Договорите за донации за 2014 година реализирани се 34,38% односно 9.001.107 денари. Во однос на структурата на користењето на средствата, 100% од средствата се однесуваат на стоки и услуги.




| Ставка | Реализација |
|---|---|
| **420** | 1.101.982 |
| **423** | 3.700 |
| **425** | 7.502.361 |
| **426** | 393.064 |
| **Вкупно** | **9.001.107** |

*Табела бр.8 - Преглед на реализација на финансиски средства по ставки во 2014 година*

# 3. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Инспекцискиот надзор над законитоста на заштита на личните податоци е една од основните надлежности на Дирекцијата за заштита на лични податоци како самостоен и независен државен орган. Како основен инструмент за имплементација на оваа надлежност на Дирекцијата утврдена со член 37 од Законот за заштита на лични податоци се инспекциските надзори кои ги вршат инспекторите од Секторот за вршење инспекциски надзор .

Инспекциските надзори се планираат на годишна основа, по што на крајот од тековната година се донесува Годишна програма за инспекциски надзори за наредната година. Годишната програма се операционализира преку месечни планови за инспекциски надзори во кои се прецизирани контролорите, збирките кои ќе бидат предмет на разгледување за време на инспекцијата и датумот на вршење на надзорот. Годишниот план и месечните планови за 2014 година се објавени на web страната на Дирекцијата (www.privacy.mk), каде се наоѓаат и основни информации за спроведување на инспекциските надзори. За полесен пристап до услугите кои ДЗЛП ги дава на граѓаните, на веб страната се објавени и обрасци: Иницијатива за вршење на инспекциски надзор и Барање за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци. Обајвена е и Основна листа за проверка и насоки за нејзино потполнување, која служи за инспекторите да увидат колку контролорите ги почитуваат одредбите од Законот за заштита на лични податоци при вршење на редовните инспекциски надзори

**404**

**извршени инспекциски надзори**

Покрај редовните инспекциски надзори, Дирекцијата спроведува и вонредни инспекциски надзор по предлог/иницијатива која може да биде поднесена од орган на државната власт, правно или физичко лице, како и во случај на сомневање на инспекторот за повреди на одредбите на Законот за заштита на личните податоци. Дирекцијата спроведува и контролни надзори во случаи кога по спроведен инспекциски надзор нема да се отстранат со решение утврдените повреди и тоа по изминување на рокот , утврден од инспекторот , за отстранување на повредите од страна на инспектираниот субјект - контролор.

Со цел континуирана едукација на инспекторите и јакнење на капацитетите, особено на инспекциски надзор, во текот на 2014 инспекторите беа вклучени во обуки за надградување, како презентери и обучувачи на обуките наменети за контролорите , но и на бројни конференции и работилници кои се реализираа во текот на извештајната година. Инспекторите ги поседуваат сертификатите ISO 27001 (Certified ISO/IEC 27001 Lead auditor) од 2011 и ISO 27005 ( Certified ISO/ IEC 27005 Risk Manager) од 2012, што придонесува кон зголемување на капацитетот за вршење инспекциски надзори во сложена ИТ инфраструктура на контролорите и обработувачите вклучително и управувањето со ризици.

# 3.1 Извршени инспекциски надзори




Во 2014 година беа извршени вкупно **404** инспекциски надзори, од кои 314 редовни , 81 вонреден (вкупно 395) и 9 контролни инспекциски надзори. Од 2013 година пренесени се вкупно **41 предмет**, односно по овие предмети, постапката е започната во 2013 година, а продолжила во 2014 година.

Инспекциските надзори во 2014 година се извршени од страна на 10 инспектори и 3 овластени лица за вршење на инспекциски надзор од страна на Директорот на Дирекцијата.

Статистичкиот преглед на извршени надзори по години, покажува континуиран пораст на бројот на извршените инспекциски надзори, што се должи на зголемен капацитет и ефикасното работење на инспекторите во Дирекцијата, но и на зголемената свест на граѓаните да препознаат повреда на правото на заштита на личните податоци и да го пријават до ДЗЛП како надлежна институција, со цел истата да се санкционира.




### 3.1.1 Донесени записници од извршени инспекциски надзори

По основ на извршените инцпекциски надзори (редовни, вонредни и контролни) во текот на извештајната 2014 година, изготвени и дпставени се вкупно **341 записници** од извршени инспекциски надзори : 288 редовни, 44 вонредни и 9 контролни.

### 3.1.2 Донесени решенија за утврдени повреди од извршените инспекциски надзори

Во текот на 2014 година, по извршените инспекциски надзори (редовни и вонредни) вкупно се донесени **300 решенија за утврдени повреди**. Од нив, 229 се донесени по извршени редовни надзори и 29 по вонредни инспекциски надзори.

### 3.1.3 Донесени заклучоци по инспекциски надзори

Донесени се вкупно **24 заклучоци** во 2014 година и тоа :

⇒ **15** Заклучоци за запирање на постапката ;

⇒ **4** Заклучоци за прекин на постапката;

⇒ **3** Заклучоци за отфрлање;

⇒ **2** Заклучоци за немање услов за поведување на постапка;

Подолу е даден приказ на извршени инспекциски надзори по области.

| ОБЛАСТ | Број на извршени инспекциски надзори |
|---|---|
| Образование | 112 |
| Видео надзор | 4 |
| Правосудство (нотари,извршители) | 4 |
| Здравство | 42 |
| Вработување | 19 |
| Домување | 5 |
| Трговија на големо и мало | 21 |
| Комунални работи | 11 |
| Осигурување на лица и имот | 4 |
| Јавни служби | 1 |
| Електронски телекомуникации | 30 |
| Градежништво | 2 |
| Обвинителство | 2 |
| Туризам и угостителство | 14 |
| Физички лица-злоупотребени лични податоци | 4 |
| Економија | 11 |
| Финансии | 9 |
| Водостопанство | 1 |
| Јавен превоз на патници | 1 |
| Судство | 25 |
| Поштенски услуги | 1 |
| Банкарство и штедилници | 12 |
| Органи за спроведување на законот | 1 |
| Државна управа | 4 |
| Производство | 1 |
| Интернет | 3 |
| Радиодифузија | 2 |
| Даноци | 1 |
| Енергетика | 3 |
| Сообраќај | 5 |
| Здруженија | 3 |
| Снабдување со пареа и климатизација | 2 |
| Консултантски услуги | 1 |
| Азил | 1 |
| Информатички технологии | 1 |
| Промет и услуги | 5 |
| Безбедност | 1 |
| Медиуми | 4 |
| Комори | 1 |
| Физичко лице- видео надзор | 1 |
| информатика | 8 |
| Катастар | 1 |
| Текстилна индустрија/конфекции | 11 |
| **Вкупно** (редовни и вонредни) | 395 |

*Табела бр. 9 Извршени инспекциски надзори во 2014 година по области*

## Извршени инспекциски надзори по вид на сектор/физичко лице




Во однос на секторот во кој дејствуваат контролорите кај кои се извршени инспекциските надзори, од вкупно 395 редовни и вонредни надзори, 168 се извршени кај контролори од јавен сектор, 216 кај контролори од приватен сектор и 11 инспекциски надзори кај физички лица кои се јавуваат како контролори. Контролните инспекциски надзори се извршени кај контролори кај кои откако по претходно извршените редовни или вонредни надзори со решение се утврдени повреди и истите не се извршени по изминување на рокот за отстранување на повредите од страна на инспектираниот субјект - контролор.

### 3.1.4 Управни спорови

Во текот на 2014 година поведени се пет (5) управни спорови против донесените управни акти на Дирекцијата за водените инспекциски постапки и за истите судската постапка сè уште е во тек. Три управни спорови се со потврдено решение во корист на Дирекцијата за заштита на личните податоци, а за кои управниот спор бил поведен во 2012 и 2013 година.

## 3.2 СИН– Софтвер за инспекциски надзор

Во текот на 2011 година започна да функционира софтверот за инспекциски надзор за спроведување на електронско водење на инспекцискиот надзор. Софтверот, кој е дизајниран според специфичните потреби на инспекторите од Дирекцијата е во функција на поефикасно и поекономично водење на инспекциските постапки, планирање на инспекциските надзори како и генерирање на документи и извештаи по одделни параметри за различни цели и потреби.

Во текот на 2014 година со одредени конфигурации направени се низа подобрувања на софтверот, сè со цел поефикасно генерирање на статистички податоци за изработка на квантитативни анализи и извештаи за извршените инспекциски надзори.

## 3.3 Прекршоци и глоби

Дирекцијата за заштита на личните податоци согласно Законот за заштита на личните податоци е и прекршочен орган, и за таа цел е формирана Комисијата за одлучување по прекршок. Комисијата за одлучување по прекршок во текот на 2014 година постапуваше по шест (6) предмета. Во 2 случаи, барањето за поведување на постапка е поднесено во 2014 година, а во четири случаи барањата се поднесени во претходни години.

По еден предмет постапката е правосилно завршена во 2014 година и доставено е правосилното и извршно решение до Управата за јавни приходи заради присилно извршување.

По поднесените барања за поведување на прекршочна постапка во текот на 2014 година во три (3) случаи е донесено решение и се изречени прекршочни санкции, но решенијата со кои се изречени глоби сеуште не се правосилни, а против две (2) од донесените решенија сторителите имаат поднесено тужби, а една тужба е поднесена и од овластеното лице во правното лице. Постапките за овие поднесени тужби пред Управниот суд сеуште се во тек.

# 4.ПРЕТСТАВКИ, МИСЛЕЊА И ОДОБРЕНИЈА

## 4.1 Постапување по добиени претставки

Дирекцијата за заштита на лични податоци , како независен државен орган, во рамки на своите надлежности постапува по претставките и предлозите доставени од граѓаните на Република Македонија.




Во периодот на извештајната 2014 година, до Дирекцијата за заштита на лични податоци поднесени се вкупно **371** претставка, од кои **331** од физички лица, **36** од правни лица и **4** од анонимни подносители. Од вкупниот број добиени претставки, **2** се препратени на надлежност до друг орган, додека останатите се од областа на личните податоци и од нив 5 претставки се префрлени во Секторот за инспекциски надзор за понатамошно постапување по истите. Заклучно со 31.12.2014 , од вкупниот број на примени претставки за 15 постапката за решавање била во тек и истите се префрлени за решавање во 2015 години. По останатите е постапено во рамки на законски пропишаниот рок и истите се решени.

**ДОБИЕНИ ПРЕТСТАВКИ**

**371**

Големиот број на поднесени претставки до Дирекцијата укажува на постоење високо ниво на јавна свест за постоењето и значењето на правото за заштита на лични податоци, а воедно и препознавање на Дирекцијата за заштита на лични податоци како орган надлежен да постапува при повреда на истото. Фактот дека дури 89 % (331 од вкупно 371) од добиените претставки се од физички лица укажува на успешното спроведување на голем број кампањи, иницјативи за промоција на правото на заштита на лични податоци, дисеминација на информативни материјали во текот на 2014 година, сѐ со цел зголемување на јавната свест за правото на заштита на личните податоци кое граѓаните го уживаат.




Споредено со 2013 година, по анализи и согледувања на Дирекцијата, бројот на примени претставки бележи благ пад, но истото е резултат на зголеменатa свесност кај граѓаните, како и интензивната едукација и обука на контролорите на лични податоци во насока на правилно собирање и обработка на личните податоци и почитување на правото на приватност.



Во однос на начинот на поднесување, 125 од претставките биле поднесени по писмен пат, 245 по електронски пат и 1 усно, по телефон.

**202**

**претставки за злоупотреба на лични податоци на социјалните мрежи**

Од овие 371 претставки, 54 %, односно **202** претставки се однесуваат на злоупотреба на личните податоци на социјалните мрежи. За бришење на лажен профил на Фејсбук се поднесени 130 барања, 12 барања за бришење на лажни профили на малолетни лица на оваа мрежа, а за пробиено корисничко име или лозинка на профил се поднесени 47 барања. Десет претставки се однесуваат на отстранување содржини од Фејсбук и три претставки за отстранување на содржини на други социјални мрежи. За пробиено корисничко име или лозинка на профил се поднесени 47 барања.

| ОБЛАСТ | Број на примени претставки |
|---|---|
| Органи за спроведување на законот | 3 |
| Јавни служби | 1 |
| Здравство | 1 |
| Образование | 7 |
| Банкарство и штедилници | 9 |
| Електронски телекомуникации | 9 |
| Здруженија | 3 |
| Вработување | 8 |
| Финансии | 2 |
| Енергетика | 1 |
| Домување | 3 |
| Медиуми | 4 |
| Правосудство | 6 |
| Локална самоуправа | 3 |
| Поштенски услуги | 1 |
| Трговија на мало | 1 |
| Интернет | 29 |
| Радиодифузија | 1 |
| Сообраќај | 1 |
| Државна управа | 58 |
| Игри на среќа | 1 |
| Социјални мрежи | 10 |
| Социјални мрежи - ФБ лажни | 130 |
| Социјални мрежи - ФБ хакирани | 47 |
| Проект ажурирање на личните податоци | 3 |
| Видео надзор | 14 |
| Други социјални мрежи | 3 |
| Лажен профил на ФБ за малолетно дете | 12 |
| **Вкупно** | **371** |

*Табела бр. 10 Примени претставки по области*

## 4.2 Одобренија за пренос на податоци во странство

Преносот на лични податоци во странство се врши преку претходно доставено барање за одобрение за пренос или известување за пренос. Доколку преносот на податоците се одвива во земјите членки на ЕУ и земјите членки на Европскиот економски простор (ЕЕА), не е потребно одобрение и истиот се врши само со известување на Дирекцијата бидејќи се смета дека националните закони на овие земји се целосно усогласени со Директивата 95/46/ЕК и обезбедуваат соодветен степен на заштита на личните податоци. Преносот на податоци надвор од овие простори се врши исклучиво доколку Дирекцијата даде одобрување на претходно поднесеното барање за пренос и доколку другата држава обезбеди соодветен степен на заштита на лични податоци .

| Сектор | Број на пријави | Земји |
|---|---|---|
| Производство | 2 | Холандија<br>Велика Британија |
| Трговија | 8 | Германија<br>Бугарија<br>Австрија<br>Хрватска<br>Чешка<br>Велика |
| Осигурување | 1 | Германија |
| Банкарство | 2 | Словенија<br>Грција |
| Здравство | 1 | Германија |
| Спорт | 1 | Швајцарија |
| Телекомуникации | 1 | Словенија |

Табела бр.11 Преглед на известувања по сектори и земји

Во текот на 2014 година, доставени се 16 известувања за пренос на лични податоци во земји членки на ЕУ.

До Дирекцијата, во извештајната 2014 година се поднесени и 8 барања за пренос на лични податоци во САД и Србија и сите се решени. Пет (5) барања се одобрени, едно (1) барање е одбиено, а за две (2) барања постапката е запрена.

| Сектор | Земја на пренос | Одобрени | Одбиени | Запрена постапка | Во постапка |
|---|---|---|---|---|---|
| Трговија | САД | 4 | / | / | / |
| | Србија | / | / | 1 | / |
| Производство | САД | / | / | 1 | / |
| Посредување при вработување | САД | / | 1 | / | / |
| Интернет | САД | 1 | / | / | / |

Табела бр. 12 Преглед на барања за пренос по земја и статус

## 4.3 Одобренија за обработка на биометриски податоци

Согласно член 29 од Законот за заштита на лични податоци, обработката на биометриски податоци потребни за потврда на идентитетот на субјектот на лични податоци , како и обработката на матичниот број (ЕМБГ) на субјектот може да се изврши само по претходно добиено одобрување од страна на Дирекцијата .

Во текот на 2014 година до Дирекцијата се доставени две (2) барања за добивање одобрение за обработка на биометриските податоци. Постапката и за двете беше во тек до крајот на извештајната година, и истите останаа за реализација во почетокот на 2015 година.

Во 2014 година, до Дирекцијата е поднесено едно барање за обработка на фотографија од лик и по истото уште се постапува. Дирекцијата има добиено четири (4) барања за обработка на матичниот број (ЕМБГ). Од нив три (3) имаат добиено одобрение, а едно (1) е одбиено.

## 4.4 Постапување по однос на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Во текот на 2014 година до Дирекцијата беа поднесени вкупно дванаесет (12) барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Дирекцијата во законски предвидениот рок постапи по сите барања, со тоа што на десет (10) барања беше позитивно одговорено, односно Дирекцијата беше имател на бараната информација. Воедно, за две (2) барања за слободен пристап до информации од јавен карактер донесени се два (2) заклучоци за прекинување на постапката, поради тоа што Дирекцијата не е имател на бараната информација. Овие барања се однесуваа на информации за бројот на повредите на личните податоци, видео надзор, спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка, прекршочна постапка за повреда на Законот за заштита на личните податоци во осигурителниот сектор, финансиско работење, човечки ресурси и програма за работа на Дирекцијата.

| Бр. на примени барања | Позитивно одговорени | Прекинување на постапката - Дирекцијата не е имател на бараната информација | Одбиени |
|---|---|---|---|
| 12 | 10 | 2 | / |

*Табела бр. 13 Барања за слободен пристап до информации*

Освен барањата за слободен пристап, до Дирекцијата беа доставени и три (3) барања за мислење во однос на примената на исклучокот од слободен пристап до информации од јавен карактер утврден во член 6 став 1 точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во случаите кога имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до информација во согласност со закон ако информацијата се однесува на личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци.

## 4.5 Мислења и укажувања

Согласно Деловникот за работа на Владата на Република Македонија (член 68 став 1 точка 9), Дирекцијата за заштита на лични податоци во извештајната 2014 година издаде стручни мислења по материјали, предлог закони, подзаконски акти и други предлог прописи поврзани со заштитата на личните податоци. Од 2011 година во употреба е и ЕНЕР, единствениот електронски регистар на прописи, алатка наменета за електронско информирање на граѓаните, НВО, стопанските комори, бизнис комори, бизнис асоцијации и правни лица, претставници на Влада и одделни министерства за предлог новата легислатива. Министерствата се должни предлозите на законите, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР и истите да бидат достапни за коментар, 10 дена од денот за објавување. Дирекцијата за заштита на лични податоци во текот на извештајната 2014 има издадено вкупно **27** мислења по нацрти и предлог закони од повеќе ресорни министерства, односно овластени предлагачи, од кои 13 мислења по закони на ЕНЕР.



| | Издадени мислења по предлог закони | Надлежно министерство кое го предлага законот |
|---|---|---|
| 1.* | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за кредитно биро | Министерство за финансии |
| 2.* | Предлог - Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство | Министерство за труд и социјална политика |
| 3.* | Предлог на Закон за дополнување на Законот за волонтерство | Министерство за труд и социјална политика |
| 4.* | Предлог на Закон за судски преведувачи | Министерство за правда |
| 5.* | Предлог на Закон за јавнообвинителска служба | Министерство за правда |
| 6.* | Нацрт на Закон за извршување | Министерство за правда |
| 7.* | Предлог – Закон за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија | Министерство за правда |
| 8.* | Закон за административни службеници и Предлог- Закон за вработените во јавниот сектор | МИОА |
| 9.* | Предлог- текст на Законот за електронски комуникации | МИОА |
| 10.* | Предлог- Закон за услуги | Министерство за економија |
| 11.* | Предлог - Закон за трговија на зелени пазари | Министерство за економија |
| 12.* | Предлог - Закон за занаетчиство | Министерство за економија |
| 13.* | Предлог на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата | МВР |
| 14. | Предлог на Законот за вршење на работи за застапување во царински постапки | Министерство за финансии- Царинска управа |
| 15. | Работен текст на Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност | Министерство за труд и социјална политика |
| 16. | Предлог - Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост | МФ-Царинска управа |
| 17. | Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки | МФ-Царинска управа |
| 18. | Предлог на Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам | Министерство за финансии—Управа за финансиско разузнавање |
| 19. | Предлог на Закон за дополнување на Законот за банките | Министерство за финансии |
| 20. | Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност | МТСП |
| 21. | Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција | МВР |
| 22. | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата | Министерство за правда |
| 23. | Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот на шумите | Јавно претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ |
| 24. | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности | Агенција за катастар и недвижности |
| 25. | Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиште и престојувалиште на граѓаните | МВР |
| 26. | Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за лична карта | МВР |
| 27. | Закон за авторско право и сродните права | Министерство за култура |

**издадени мислења по закони преку ЕНЕР*

*Табела бр. 14* Издадени мислења по закони

### 4.5.1 Стручни мислења по материјали, подзаконски акти и други предлог прописи

По однос на барања пристигнати од државни органи, во 2014 година Дирекцијата издаде вкупно **28** мислења по материјали, подзаконски акти и други прописи, од кои 4 се однесуваат на билатерални договори во кои Република Македонија е договорна страна.

Според тоа, вкупниот број на издадени мислења по материјали, предлог закони , подзаконски акти и други прописи во текот на извештајната 2014 изнесува **55** издадени мислења.




Во однос на минатата година, кога се издадени вкупно 38 мислења, во 2014 се бележи зголемување од 45% на вкупниот број издадени мислења по овој основ, што покажува дека Дирекцијата за заштита на лични податоци има изградено препознатливост на институција консултирана по материјали, предлог закони, подзаконски акти и други предлог прописи од областа на заштитата на личните податоци.

| | Вид на пропис | Подносител на барање |
|---|---|---|
| 1. | Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за реципрочно признавање на возачки дозволи | МВР |
| 2. | Предлог текстот на Договорот за пренесување на податоците од казнената евиденција од Министерството за внатрешни работи во казнената евиденција на Врховниот суд на Република Македонија, | МВР – Биро за јавна безбедност |
| 3. | Правилникот за изменување на Правилникот за технички преглед на возила | МВР |
| 4. | Правилникот за дополнување на Правилникот за формата и содржината на регистарските таблици и на пробните таблици на возилата и начинот и постапката на нивно издавање | МВР |
| 5. | Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за обрасците за оружјето и муницијата и за начинот на водење на евиденции на оружје и муниција | МВР |
| 6. | Правилникот за начинот на определување и поништување на матичен број на граѓанин, формата и содржината на обрасците, како и начинот на водење на евиденцијата на матичниот број на граѓанинот | МВР |
| 7. | Правилникот за изменување на Правилникот за формата, содржината, начинот на издавање на лиценцата за работа на стручните работници за извршување на работи на технички преглед на возила и висината на трошоците за издавање на лиценцата | МВР |
| 8. | Правилникот за изменување на Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и критериумите во однос на просторните услови и материјално - техничката и информатичката опрема на испитните центри, водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити и за формата и содржината на лиценцата за испитен центар | МВР |
| 9. | Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на персонал во воздухопловство за полициски воздухоплови | МВР |
| 10. | Информацијата за воведување на електронски услуги од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија | Влада на РМ – Генерален секретаријат |
| 11. | Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на образецот на возачка книшка за запишување на негативни бодови, начинот на нејзино издавање од Министерството за внатрешни работи и евиденцијата на издадени возачки книшки што ја води Министерството за внатрешни работи | МВР |
| 12. | Правилникот за формата и содржината на безбедносниот прашалник за спроведување на безбедносна проверка на лицето кое заснова работен однос во Министерството за внатрешни работи | МВР |
| 13. | Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање на овластување за вршење на работи на технички служби за единечно одобрување на возила за превоз на опасни материи и потребната придружна документација | МВР |
| 14. | Правилникот за изменување на Правилникот за обрасците на патните исправи и визи на државјаните на Република Македонија, за начинот на фотографирање за патните исправи и за водење на евиденција | МВР |
| 15. | Правилникот за изменување на Правилникот за образецот на барањето за издавање на легитимација за вршење на детективска дејност и образецот и начинот на издавање на легитимацијата за вршење на детективска дејност | МВР |
| 16. | Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за образецот на барање за признавање право на азил, начинот на земање на отпечатоци од прсти и фотографирање на барателите на право на азил, образецот и постапката за издавање и замена на исправи на баратели на право на азил и лица на кои им е признаено право на азил или привремена заштита во Република Македонија и за начинот на водење на евиденција | МВР |

| | Вид на пропис | Подносител на барање |
|---|---|---|
| 17. | Информацијата за преземените активности на Работната група за воведување на интероперабилност во однос на евиденцијата на осудените лица со Предлог Заклучоци | Влада на РМ – Генерален секретаријат |
| 18. | Правилник за начинот на обезбедување на сопствени потреби со огревно дрво на физичко лице од државна нискостеблеста шума и формата и содржината на образецот за евиденција на исечената дрвена маса со прилозите | Јавно претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ |
| 19. | Информацијата за имплементирање на Проектот за интерконективност и размена на податоци | МТСП |
| 20. | Информацијата за воспоставување на Национален центар за одговор на компјутерски инциденти (MKD-CIRT), со Акциски план | МИОА |
| 21. | Предлог текстот на Правилникот за обезбедување на безбедност и интегритет на јавните електронски комуникациски мрежи и услуги и активности кои што операторите треба да ги преземат при нарушување на безбедноста на личните податоци на претплатниците | АЕК |
| 22. | Информацијата во врска со промовирање на Регистарот на студенти и со анализа за лицата кои студирале на странски универзитети, со цел да се види дали може да се искористат нивните капацитети, во зависност од тоа што студирале, дали се вработени или не и слично и активностите на Министерството за образование и наука за реализирање на овој заклучок | МОН |
| 23. | Анекс Договор за тајност и заштита при обработка на личните податоци помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација и Асеко СЕЕ со Изјава за тајност и заштита на обработката на лични податоци и Договорот за размена на податоци помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација и Агенцијата за вработување на Република Македонија | МИОА |
| 24. | Поставување на фотографии и податоци за вработените (име и презиме, локација, телефон, е - маил адреса и сл.) на веб страната на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството www.agencija.gov.mk | АПРЗ |
| 25. | Предлог текстот на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за заемно признавање и размена на национални возачки дозволи | МВР |
| 26. | Усогласеноста на Cooperation Agreement between the Southeast European Law Enforcement Center and the International Criminal Police Organization-INTERPOL и Cooperation Agreement between the Southeast European Law Enforcement Center and the United States of America (текстови предложени за дневниот ред на Осмиот состанок на Советот на Центарот за спроведување на законот во Југоисточна Европа (SELEC) | МВР |
| 27. | Предлог текстот на Договорот помеѓу Владата на Република Словенија и Владата на Република Македонија за полициска соработка | МВР |
| 28. | Проект за изработка на Стратегија со акциски план за реформа на правосудниот систем и дадените материјали за негова изработка-дел Јавност и транспарентност на правдата | Министерство за правда |

*Табела бр 15 Издадени мислења по материјали, подзаконски акти и други предлог прописи*

### 4.5.2 Мислење за усогласеноста на документацијата на контролорите со одредбите на Законот за заштита на личните податоци

Во 2014 година изготвени се мислења за усогласеноста на документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци за 297 контролори, (образовни установи, здравствени установи, државни органи, хотели, друштва за трговија на големо и мало,  нотари и др.). Во однос на 2013, се бележи пораст на бројот на издадени вакви мислења за 30%, што укажува дека контролорите сериозно пристапуваат кон усогласување на своите интерни документи и принципи на работа со Законот за заштита на личните податоци, а притоа ја препознаваат Дирекцијата како орган надлежен за заштитата на личните податоци и правото на приватност и истата ја консултираат по мислења.

### 4.5.3 Мислење по однос на примена на прописите за заштита на личните податоци (по барање на контролори по различни основи)

До Дирекцијата беа доставени **45** барања за мислења поврзани со примена на прописите за заштита на личните податоци кај контролорите и обработувачите и сите се одговорени во предвидениот рок.

Во насока на своите надлежности утврдени со закон Дирекцијата развива политики на едукација и дава насоки во врска со заштитата на личните податоци. За таа цел, Дирекцијата издаде и 25 укажувања во текот на 2014 година по разни прашања, согласно барањата од контролори, од физички лица, како и по службена должност во одредени сектори.




Согласно прегледот на вкупниот број издадени мислења во последните 5 години, се бележи убедлив и континуиран раст . Ова покажува дека Дирекцијата ужива висок степен на препознатливост како орган надлежен за заштита на личните податоци и правото на приватност помеѓу контролорите и обработувачите на лични податоци, и се почесто е консултирана по однос на издавање мислења. Исто така , кон крајот на 2013 година Дирекцијата пристапи кон давање мислења по ЕНЕР, па во текот на 2014 година од вкупно 27 издадени мислења по закони, 13 мислења беа издадени преку ЕНЕР, што претставува значаен сегмент во напредокот кој го остварува Дирекцијата во полето на издавање на мислења. Порастот на издадени мислења по сите основи укажува и на зголемување на свеста кај контролорите на лични податоци за правото на заштита на личните податоци и нивните напори за усогласување на интерните прописи и документација со Законот за заштита на лични податоци, што во голема мера се должи и на интензивните промотивни активности кои Дирекцијата ги превзема со цел подигање на јавната свест .

# 5. ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА ЗБИРКИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

## 5.1 Регистрација на контролори и збирки на лични податоци

**438 контролори**

**755 збирки на лични податоци**

Централниот регистар на Дирекцијата за заштита на лични податоци е во функција на алатка за креирање на база на контролори на збирки на лични податоци, согласно законската обврска за пријавување на контролорите. Во текот на 2014 година, Централниот регистар имаше значителен придонес за транспарентното делување на Дирекцијата како инструмент за остварување на правото на информирање на граѓаните за збирките на лични податоци што ги водат контролорите, но и пријава или барање за бришење на податоците кои неосновано се водат. Воедно Централниот регистар дава и солидна основа за интерни согледувања и анализи за состојбите со збирките со лични податоци во одделни области и можност за насочено делување.




Во периодот на извештајната 2014 година, во Централниот регистар се регистрирани вкупно **438 контролори** и **755 збирки на лични податоци,** од кои:

- 408 контролори се со статус официјални одобрени;
- 30 контролори со статус неодобрени
- 577 одобрени збирки на лични податоци;
- 178 неодобрени збирки на лични податоци;




Од воспоставувањето на Централниот регистар во 2008 година , заклучно со 2014 година, вкупниот број на одобрени контролори е **1450** и **3385** збирки на лични податоци. Континуираниот раст на регистрации се должи на обуката и едукацијата спроведена во рамки на обуките на ДЗЛП како и на непосредното информирање при вршење инспекциски надзори.

**Број на одобрени контролори и збирки на лични податоци по години**




На 27.11.2014 година пуштена е во употреба новата апликација на Централниот регистар на збирки на лични податоци. Во насока на полесно користење на истата, на веб страната на Дирекцијата се поставени видео упатства кои го прикажуваат начинот на регистрација на контролорите, внесување нова збирка на податоци и ажурирање на постојните податоци.

| Вид на правно лице | Бр. на контролори | Бр. на збирки |
|---|---|---|
| Лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон | 8 | 35 |
| Агенција за привремени вработувања | 11 | 22 |
| Акционерско друштво (АД) | 25 | 81 |
| Државен орган | 4 | 5 |
| Друштво со ограничена одговорност (ДОО) | 82 | 136 |
| Друштво со ограничена одговорност од едно лице (ДООЕЛ) | 84 | 114 |
| Единица на локалната самоуправа | 3 | 10 |
| Здравствена организација | 11 | 10 |
| Здравствена установа | 86 | 92 |
| Здружение на граѓани | 2 | 1 |
| Јавно претпријатие | 11 | 19 |
| Јавно трговско друштво (ЈТД) | 2 | / |
| Командитно друштво | 1 | / |
| Командитно друштво со акции (КДА) | 1 | 5 |
| Образовно-воспитна | 39 | 117 |
| Образовно-научна установа | 5 | 9 |
| Орган на државна управа | 4 | 2 |
| Останати комори и деловни здруженија | 2 | 2 |
| Подружници и претставништва на странски друштва | 4 | 3 |
| Суд | 17 | 66 |
| Трговец – поединец | 2 | 2 |
| Установа која врши јавна дејност | 4 | 23 |

*Табела бр. 16* Број на контролори и број на збирки за лични податоци по области

**Преглед на контролори по општини со статус „официјално одобрени“**




**Преглед на збирки по општини**




### 5.2 Офицер за заштита на лични податоци



Офицерот за заштита на личните податоци зема важна улога во сопствената институција во однос на исполнување на својата обврска и должност за внимателна обработка и заштита на личните податоци. Дирекцијата за заштита на лични податоци посветува особено внимание во грдење на мрежа на офицери, имајќи ја во предвид нивната улога во заштитата на личните податоци и правилна обработка на збирките на лични податоци, како и креирање едуциран кадар кој понатаму би бил спремен за дисеминација на знаењето во институциите од кои доаѓаат.

**Број на регистрирани офицери по години**




Бројот на пријавени офицери за заштита на лични податоци во 2014 година изнесува 438. Вкупниот број на офицери од воспоставувањето на овој инструмент од 2010 па до сега изнесува 1484. Растечки тренд бележи и ажурирањето на податоците за офицерите во случај на промена на офицерот од контролорот, што е и законска обврска за контролорите. Споредено со 2013 година, бројот на регистрирани контролори, збирки и офицери е во благ пад, што се должи на употребата на новата софтверска апликација со која се ажурирани сите податоци од страна на контролорите на лични податоци. Новото софтверско решение овозможува прецизна селекција на контролорите кои ажурираат веќе регистрирани збирки и податоци, со соодветен преглед на направените промени, за разлика од старата апликација која секое ажурирање на збирките на податоци од страна на контролорите го претставуваше како нов запис. Сепак, вкупната бројка на регистрирани офицери укажува на високо ниво на информираност и свесноста кај контролорите за спроведување на прописите за заштита на личните податоци, како и дека контролорите во голема мера го препознаваат овој инструмент како важна алатка за спроведување на интерните прописи и техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

# 6. ОБУКИ

Имајќи ја предвид неопходноста за едукација од областа на заштитата на личните податоци во функција на подигање на квалитетот на заштитата на личните податоци во Република Македонија од страна на контролорите и обработувачите на збирки со лични податоци, воедно и подигање на јавната свест во целина, Дирекцијата за заштита на личните податоци и во текот на 2014 година во рамките на своите надлежности организираше и спроведе обуки за контролори и обработувачи на збирки на лични податоци. Обуките се реализираа согласно претходно утврдената Годишна програма за обуки, Упатството за начинот на организирање и спроведување на обуки за контролори и обработувачи и Одлуката за определување на висината на трошоците за вршење обука на заинтересирани контролори и обработувачи („Службен весник на Република Македонија" бр. 148/10) беа организирани и спроведени **53 обуки** за **обезбедување тајност и заштита при обработката на личните податоци** на кои учествуваа вкупно **903 слушатели.**




Следејќи го развојот на современата технологија кој секојдневно го наметнува прашањето за безбедноста на интернет комуникациите и воопшто на заштитата на податоците, Дирекцијата за заштита на личните податоци на Република Македонија во соработка со EC Council и Семос едукација спроведе **13 сертифицирани обуки за дигитална безбедност на компјутерски корисници – CSCU**, каде **152 учесници** се стекнаа со знаења и вештини за да ги заштитат своите компјутери и електронски податоци, а со тоа да ја намалат ранливоста и го зголемат степенот на безбедност на нивната приватност.

Во 2014 година, со поддршка на USAID беа одржани две Работилници за заштита на личните податоци во судовите, една за претседателите на судовите, втората за администраторите.

Во 2014 година, Дирекцијата за заштита на личните податоци склучи Меморандум за соработка бр.01-795/1 од 05.03.2014 година со Фармацевтската комора на Македонија, при што беа реализирани **9 обуки** за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци наменети за претставници на контролори од областа фармација, членки на Фармацевтската комора на Македонија.






Компаративната анализа направена во однос на 2013 година покажува зголемување на бројот на обуки за 22 % односно во 2014 се одржани 12 обуки повеќе. Се бележи иманентен пораст во однос на спроведените сертифицирани обуки за дигитална безбедност на компјутерски корисници CSCU, во 2013 има спроведено 2 обуки, додека во 2014 спроведени се вкупно 13 вакви обуки.




Комисијата за спроведување на обуки при Дирекцијата за заштита на личните податоци, спроведе дводневна обука намената за претставници на невладини организации кои работат на полето на превенција од ХИВ. Оваа обука е организирана во соработка со Глобален фонд, а во рамки на „Проектот за одржување ниска ХИВ преваленца во Република Македонија“, поддржано од Глобален фонд при Министерството за здравство на Република Македонија. Обуката беше организирана во функција на успешна имплементација на прописите за заштита на личните податоци .

| | Област | Број на обуки за заштита на личните | Број на учесници |
|---|---|---|---|
| 1 | Образование | 2 | 38 |
| 2 | Здравство | 15 | 302 |
| 3 | Медиуми | / | / |
| 4 | Финансии, банкарство, инвестициски | 2 | 44 |
| 5 | Работни односи, вработување, посредување при вработување, безбедност и здравје при | 1 | 7 |
| 6 | Телекомуникации | 1 | 18 |
| 7 | Пензиски фондови | / | / |
| 8 | Јавна администрација | / | / |
| 9 | Социјална заштита | / | / |
| 10 | Економија | 12 | 183 |
| 11 | Правосудство | 1 | 10 |
| 12 | Осигурување | 2 | 39 |
| 13 | Приватно обезбедување | 1 | 13 |
| 14 | Државна управа | 3 | 59 |
| 15 | Туризам и угостителство | 3 | 27 |
| 16 | Локална самоуправа | / | / |
| 17 | Трговија | 6 | 104 |
| 18 | Сметководство | 1 | 16 |
| 20 | Невладини организации | 1 | 19 |
| 21 | Домување | 1 | 9 |
| 22 | Испитни центри | 1 | 15 |
| | **Вкупно** | 53 | 903 |

*Табела бр. 17 Број на спроведени обуки и лица кои присуствувале на обуките по области*

# 7. КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Транспарентно работење и информирана и едуцирана јавност се едни од приоритетните цели на Дирекцијата за заштита на лични податоци. Во таа насока, Дирекцијата спроведува активности насочени кон подигнување на јавната свест и информирање и едукација на граѓаните по однос на правото на заштита на приватноста и личните податоци, како и промоција на резултатите од работата на Дирекцијата.

Во 2014 година, преку користење на различни медиумски алатки, online и offline, беа вложени напори кон зголемување на досегот на изнесените информации и опфаќање што поголема маса на граѓани до кои би стигнале истите.

Од 2013 година година, во рамки на имплементација на системот за управување на квалитет ISO 9001, усвоена е и посебна процедура за процесот на реализација на активностите во делот на комуникација со јавноста и лицата одговорни за тоа, и истата беше темел за планирање и реализација и на комуникациските и промотивните активности во 2014 година.

## 7.1 Соработка со медиуми




Соработката со медиумите на редовна и континуирана основа е стратешки адут на Дирекцијата во остварување на нејзините цели за подигање на јавната свест, едуцираност и информираност на граѓаните. Во изминатата година, продолжи соработката со дневниот весник „Нова Македонија“ каде во рубриката „Приватноста е само твоја “ беа објавени **34 текстови** структурно поставени како прашање/одговор, прашања кои граѓаните ги имаа поставено на порталот на весникот, а се однесуваат на заштита на приватноста и личните податоци во банкарскиот и осигурителниот сектор, социјалните медиуми, видео надзорот и слично. Успешната соработка со „Нова Македонија“ низ рубриката „Приватноста е само твоја“ резултираше со објавување на Зборник како систематизиран збир на објавените текстови во весникот, со цел доближување на информацијата до секој граѓанин за значењето на материјата за заштита на приватноста и личните податоци, а воедно и промоција и институционална препознатливост на Дирекцијата за заштита на личните податоци како единствен надлежен орган за постапување во оваа област.

Дирекцијата за заштита на личните податоци потпиша Меморандум за соработка со fakulteti.mk, сајт насочен кон информирање на младата популација и пристапи кон континуирана објава на содржини и материјали за пошироко информирање на целните групи во високото образование за областа на заштита на личните податоци, во насока на подигање на јавната свест за потребата од почитување на прописите за заштита на личните податоци.

Во поглед на медиумската покриеност, прес-бројките укажуваат на тоа дека Дирекцијата континуирано одговара на сите актуелни прашања кои се во фокус на интерес на јавноста, а медиумите како посредници ги пренесуваат истите до јавноста. Остварени се и голем број гостувања во емисии на националните телевизии, како и интервјуа за повеќе дневни весници и магазини.

| Тип на медиум | Број на прилози |
|---|---|
| Весник | 41 |
| ТВ | 75 |
| Радио | 7 |
| Нет портали | 168 |
| Вкупно | 291 |




### 7.2 Електронски весник

Електронскиот весник е алатка која помага во пренесување на активностите и иницијативите на Дирекцијата, со цел континуирана промоција на правото за заштита на личните податоци и правото на приватност на граѓаните. Во текот на 2014 година беа објавени четири изданија од весникот.

Весникот опфаќа содржини кои ги покриваат тековните настани, активности и инцијативи на Дирекцијата, актуелните новости во областа на заштитата на личните податоци, извршените иницијативи за инспекциски надзор врз контролорите во одделни области како и одговор на прашањата поставени од граѓаните.

### 7.3 „Приватко“ –официјална маскота на ДЗЛП

Дирекцијата за заштита на личните податоци во 2014 година ја промовираше и својата официјална маскота „ПРИВАТКО“, што ќе се користи при разни кампањи, публикации, организирање конференции, конгреси, семинари, промотивни настани со цел подигање на јавната свест за заштитата на личните податоци.



## 7.4 Online медиуми

Како основен медиум за online комуникација на новостите и случувањата од Дирекцијата, како и од областа на заштитата на личните податоци и приватноста , во функција е веб страната на Дирекцијата www.privacy.mk . Во текот на 2014 година, објавени се 212 вести од ДЗЛП на македонски и англиски и истата се надополнуваше секојдневно со нови содржини и новости. Веб страната е посетена повеќе од 17000 пати.




Следејќи ги новите трендови на транзит од конвенционалните медиуми кон online медиумите, Дирекцијата за заштита на лични податоци во поддршка на своите цели за информирање на граѓаните и подигање на јавната свест воопшто, поседува Facebook, Twitter и YouTube профили. Истите секојдневно се надополнуваат со новости од областа на заштитата на личните податоци и приватноста, фотографии од настани организирани од ДЗЛП, најразлични статии поврзани со правото на заштита на лични податоци и заштита на приватноста од иманентни домашни и странски медиуми, како и споделување на корисни содржини објавени од странски органи за заштита на личните податоци.

Facebook се покажа како одлично средство за комуникација со граѓаните за да добијат насоки за нивно понатамошно постапување доколку имаат потреба од совет или користење на некоја од услугите кои ги нуди Дирекцијата. Во текот на 2014 година се бележи драстичен раст на корисниците на Facebook профилот на Дирекцијата со 654 нови допаѓања или вкупно 1101 допаѓање и досег од 1200 видувања на објавените информации.

## 7.5 Настани и кампањи

### 7.5.1 28 Јануари- Европски ден за заштита на личните податоци

Дирекцијата за заштита на личните податоци го одбележа Европскиот ден за заштита на податоците, 28 јануари, со одржување на национална конференција на која се презентираа резултатите од спроведениот проект „Одржлив систем за континуирано основно и средно образование за принципите за заштита на личните податоци“, финансиран од Европската унија, преку проектот ИПА 2009.

Претставници од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Делегацијата на ЕУ во РМ и проектниот тим од ДЗЛП се осврнаа на целите од проектот во насока на подигање на јавната свест и едукација на наставниците и професорите за заштитата на личните податоци и презентирање на резултатите добиени од спроведените работилници во рамки на проектот.

На настанот беше промовиран „Прирачник за наставници за изучување на заштитата на личните податоци во основно и средно образование“ и беа упатени препораки за натамошно делување за внесување на наставни програми и содржини за детално изучување на правото на приватност и заштитата на личните податоци во посебен наставен предмет во образовниот процес.




На Националната конференција беа презентирани и резултатите од објавениот конкурс „Приватноста е моја, иако сум дете“, кој беше спроведен во организација на Дирекција за заштита на лични податоци и во соработка со АД Просветно дело, наменет за учениците од основното образование.

### 7.5.2 Кампања „На сигурно си“

Во периодот од 16-28 мај 2014 година, Дирекцијата за заштита на личните податоци во партнерство со 13 осигурителни компании и 2 брокерски друштва, а со поддршка на Националното биро за осигурување и Агенцијата за супервизија ја реализираше кампањата „На сигурно си!“

Кампањата беше во насока на подигнување на свеста на осигурениците за степенот на заштита на обработката на нивните лични податоци од страна на сите субјекти во осигурителниот сектор заради зголемување на опфатот на осигуреници како во животно така и во неживотно осигурување во Република Македонија, за правата и обврските за заштита на личните податоци кога се склучува договор за осигурување (животно и неживотно), согласно Законот за заштита на лични податоци.




Како резултат од спроведената кампања „На сигурно си!“ од страна на Дирекцијата за заштита на личните податоци во соработка со партнерите на кампањата изготви Прирачник за заштита на личните податоци во сектор – осигурување.

### 7.5.3 Проект „СО ДОВЕРБА ДО ПОДОБРА УСЛУГА“




Во периодот од 08.01 – 15.03.2014 година се реализираше проектот СО ДОВЕРБА ДО ПОДОБРА УСЛУГА во партнерство на Дирекцијата за заштита на личните податоци, ЕВН Македонија, Снабдување со топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ – Скопје, ЈП Водовод и канализација – Скопје и ЈРП Македонска Радио Телевизија.

Овој проект е иницирaн согласно одговорноста на компаниите кои обезбедуваат јавни услуги за обработка на личните податоци на корисниците и роковите за нивно чување и обврската на корисниците да обезбедат точни и целосни податоци.

Вкупно 6 564 граѓани на град Скопје го искористија своето право на ажурирање на личните податоци, а со тоа ја исполнија и својата законска обврска да ги известат претпријатијата чии услуги ги користат за измените во нивните лични податоци.

Преку реализацијата на овој проект, ДЗЛП, ЕВН Македонија, Снабдување со топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ-Скопје, ЈП Водовод и канализација-Скопје и ЈРП Македонска Радио Телевизија ја истакнаа заедничката заложба за достигнување воедначена заштита на личните податоци на граѓаните преку правична обработка и ажурирање на личните податоци кај давателите на јавни услуги на целата територија на Република Македонија и натамошен развој и подигнување на степенот на соработка во иднина, подобра заштита на граѓаните како и подигнување на општествената одговорност на давателите на јавни услуги кон граѓаните и заедница.

### 7.5.4 Кампања „Клучот за добрата услуга е во ваши раце“




На 10 Ноември 2014 година, Дирекцијата за заштита на личните податоци и ЕВН Македонија, ја почнаа реализацијата на кампањата „ КЛУЧОТ ЗА ДОБРАТА УСЛУГА Е ВО ВАШИТЕ РАЦЕ“. Целта е да се подигне свеста кај граѓаните за потребата од ажурирање на нивните лични податоци како корисници на услугите на ЕВН Македонија, како и нивните обврски за давање на личните податоци во контекст на исклучоците од примената на Законот за заштита на личните податоци, воедно потенцирајќи ја потребата од ажурирање на збирките на лични податоци кај давателите на јавни услуги.

### 7.5.5 Едукација на најмладите преку содржини во списанијата на „Просветно дело“



Водејќи се од фактот дека најмладата популација е една од најранливите целни групи во насока на спречување на повреди на правото на заштита на личните податоци, дополнето со заложбите на Дирекцијата за едукација на најмладите и информирање во врска со спроведувањето на прописите за заштита на личните податоци, како и заштита на правото на приватност, во текот на 2014 година Дирекцијата за заштита на личните податоци оствари низа активности за промоција и информирање како да се оствари заштитата на личните податоци.

Во согласност со добиеното одобрување од Министерството за образование и наука – и стручното мислење од Бирото за развој на образование, ДЗЛП започна со објава на едукативни содржини во списанијата „Другарче“, „Развигор“ и „Наш свет“, во издание на „Просветно дело“ Скопје.



### 7.5.6 Дирекцијата за заштита на личните податоци на Саем на книга – ЧИТАЈ и ЗАШТИТИ ГИ ТВОИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ!

Дирекцијата за заштита на личните податоци, со свој промо-пулт беше присутна на Саем на книга, на штандот на Просветно дело, што се одржа во периодот од 08-14 април, 2014 година.

Претставници од Дирекцијата беа присутни и одговараа на прашања поставени од граѓани, а беа поделени и информативни материјали, промотивни брошури и флаери, сè со цел поголемо информирање на јавноста и подигање на јавната свест. Беа поделени и анкетни листови – прашалници, наменети особено за децата и за родителите, со цел анализа на нивото на свеста и нивото на познавање на материјата за заштита на приватноста и заштитата на личните податоци, особено на целните групи во образовниот процес.




### 7.5.7 Проект „Час по приватност“

Во периодот од 15 септември до 1 декември 2014, Дирекцијата за заштита на личните податоци во партнерство со Град Скопје, Мисијата на ОБСЕ во Македонија и Метаморфозис-Фондација за интернет и општество го реализираше проектот „Час по приватност“.




Дирекцијата за заштита на лични податоци во континуитет спроведува иницијативи и проекти за подигање на јавната свест, особено кај целните групи во образование.



Како главен двигател на идејата за отпочнување на еден ваков проектот несомнено беше зголемениот број на добиени претставки за злоупотреба на личните податоци на социјалните мрежи, за нарушување на приватноста, како и статистиката која говори во прилог на непознавањето на политиките за приватност од страна на деца, родители, наставници, индикативната употреба на говор на омраза, изнесување невистини во сајбер просторот од различни возрасти и националности. Како поткрепа се земаа предвид и податоците добиени од проектот за набљудување на криминалот од омраза на Македонскиот Хелсиншки комитет, според кој во 2013 година биле регистрирани 116 злосторства од омраза, каде како најчести сторители и жртви се токму малолетниците, од нив околу 72% од вкупниот број на регистрирани инциденти се случиле во Скопје и општините околу главниот град.

Во насока на успешно планирање и реализација на предвидените активности од проектот, се пристапи н партнерска соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје-Одделот за владеење на правото, Метаморфозис, Фондација за интернет и општество и Град Скопје како надлежен за 21 средно училиште на своето подрачје каде беше предвидено да се реализираат активностите.



Во пристапот кон отпочнување со реализација на проектот, на 09 јуни 2014 година на заедничка иницијатива на раководството на средните училишта на Град Скопје, Град Скопје-Сектор за развој на образование, формирана е мрежа на координатори-номинирани претставници/наставници со различен профил на образование за комуникација и координација на заедничките активности во средните училишта. Мрежата се состои од различен профил на наставници од повеќе наставни предмети, педагози, психолози, итн.

Во периодот на имплементација на проектот беа спроведени предавања во сите 21 средно училиште на територија на град Скопје, каде учениците имаа можност да се запознаат со поимите личен податок, право на приватност, заштита на социјалните мрежи, ширење на говор на омраза, каде треба да пријават доколку се сомневаат на злоупотреба на личните податоци, за видео надзорот во училиштата, за нивните права, но и обврски за чување на своите, но и туѓите, лични податоци. Особен интерес беше покажан од страна на учениците за примери од праксата на Дирекцијата за заштита на личните податоци, како и прашања за поставување на видео надзор во училиште и/или училница, примери од пракса за предавачите од ДЗЛП, спречување на говор на омраза на интернет. Беа поставувани прашања во врска со злоупотреба на лозинки, лажни профили на социјални мрежи и за обработка на податоци при плаќање со картичка во продавници, итн.




Покрај предавањата, во секое средно училиште беа поставени посебни информативни катчиња со брошури, флаери, содржини, информации за тоа каде да се обратат, како да постапат доколку им се злоупотребени личните податоци, говор на омраза, итн.

По завршувањето на предавањата, се изврши истражување преку анектирање на учениците кои беа дел од предавањата (вкупно 613), со цел да се процени степенот на ефективност и ефикасност на спроведените предавања, како и нивото на свесност кај учениците кај кои е спроведено предавањето. Се утврди дека учениците посветуваат многу малку внимание на политиките на приватност и многу често со своите постапки при користење социјални мрежи ја изложуваат својата приватност на опасност. Постои реална потреба и простор за едукација во насока на подигање на нивото на свесноста за овие теми и се бара сериозен пристап по оваа проблематика.

Проектот ќе придонесе кон една одржлива соработка со Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, развивајќи еден сеопфатен пристап кон воведувањето на правото на приватност во наставните програми, поттикнувајќи ги не само младите, туку и наставниците и родителите да земат учество во креирањето на нови наставни програми , преку споделување на искуства и ставови, со градење на добри практики, со подигање на свеста за заштита на личните податоци на сите целни групи (институции, ученици, наставници и родители). За таа цел, неопходно е продолжување на активностите од проектот со имплементација на предлог мерките, како и развој на проектот и на национално ниво, не само на територија на Град Скопје.

### 7.5.8 Соработка со Студентски парламент на УКИМ: Трибина на тема „Студентите и нивното право на заштита на личните податоци“



Дирекцијата за заштита на личните податоци во соработка со Студентскиот парламент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ организираа трибина на тема „**Студентите и нивното право на заштита на личните податоци**“.
На трибината беше дискутирано за правото на студентите за заштитита на нивните лични податоци, за улогата и надлежноста на Дирекцијата за заштита на личните податоци, поддршка на студентите во случаи кога нивните лични податоци се злоупотребени, како и презентација на концептот на приватност.
Се направи осврт и на правата на студентите и улогата на Студентскиот правобранител и УКИМ при заштита на истите, како и Народниот правобранител како мехамизам за заштита на правата на студентите. На крај, се елаборираше проблематиката која денес е мошне актуелна, како современите смарт технологии (апликации, платформи и слично) кои ги користат студентите може да доведат до злоупотреба на личните податоци.

Оваа трибина, како прва заедничка активност меѓу Дирекцијата за заштита на личните податоци и Студентскиот парламент на УКИМ, се декларира преку потпишување на Меморандум за соработка, со што се означи стартот на низата планирани активности помеѓу овие две институции насочени кон афирмација на правото на заштита на приватноста и личните податоци на студентите.

### 7.5.9 Хуманитарна акција на ДЗЛП и Црвен крст на РМ



Во пресрет на Велигденските празници, а со цел исполнување на својата заложба за хумано дејствување и помош на оние на кои најмногу им е потребна, тимови на Дирекцијата за заштита на личните податоци и на Црвениот крст на Република Македонија посетија три скопски семејства на кои им беше донирана храна и облека.
Дирекцијата за заштита на личните податоци и Црвениот крст на Република Македонија по втор пат организираат заедничка добротворна акција, а врз основа на Меморандумот за соработка склучен со Црвениот крст на Република Македонија од јули 2012 година.

### 7.6 Склучени меморандуми за соработка во 2014 година

- Институт на овластени ревизори на РМ
- “Просветно дело” – Скопје
- Универзитет “Гоце Делчев” – Скопје
- Фармацевтска комора на РМ
- Државна комисија за спречување на корупција
- Комисија за слободен пристап на информациите од јавен карактер
- Комора за проценувачи на РМ
- Порталот факултети.мк (fakulteti.mk)
- Град Скопје – проект ЧАС ПО ПРИВАТНОСТ
- Универзитет American College – Скопје
- ЦИС – Македонија д.о.о
- ЕВН Македонија
- Студентски парламент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ -Скопје
- Стопанска комора на информатички и комуникациски технологии –МАСИТ
- Метаморфозис, Фондација за интернет и отворено општество

# 8. Меѓународна соработка

## 8.1 Активности поврзани со процесот на интеграција во ЕУ

### 8.1.1 Извештај за напредокот на Република Македонија за 2014 година од Европската комисија

Дирекцијата за заштита на личните податоци дава свој придонес кон Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2014 година од Европската комисија преку доставување на Извештај за актуелните состојби во областа на заштитата на личните податоци.

Според Извештајот за 2014 усвоен од Европската комисија, Дирекцијата доби позитивна оценка за својата работа и постигнатите резултати во 2014 година.

Извадок од Извештајот кој се однесува на ДЗЛП: „Дирекцијата за заштита на лични податоци го зголеми бројот на извршени инспекциски надзори, од кои 60% се извршени во приватниот сектор, а останатите 40% се извршени надзори во здравствениот сектор и судството. Речиси при половина од извршените инспекциски надзори се утврдени повреди.

Бројот на поднесени претставки до Дирекцијата одржа некое ниво на стабилност со вкупно 404 поднесени претставки во 2013 година, од кои 62% се однесуваат на злоупотреба на податоците на социјалните мрежи. Генерално, бројот на откриени и утврдени повреди е петкратно зголемен, од бројка на 56 во 2012 година до бројка од 254 во 2013 година како резултат на проактивниот пристап на Дирекцијата.

Активностите за подигање на јавната свест бележат континуиран раст, резултирајќи во зголемена посетеност на веб сајтот на Дирекцијата за 30%. Се бележи зголемување на бројот на регистрирани контролори и офицери за заштита на податоците, како и зголемен број на одржани обуки за нивно усовршување. Четворица од вработените ја напуштиле Дирекцијата во текот на минатата година.

Дирекцијата го поднесе својот прв извештај до Eurojust, кој се однесува на заштита на личните податоци во системот на јавно обвинителство.

Секторската легислатива сеуште не е усогласена со легислативата за заштита на податоци и далеку поголеми напори се потребни за да се обезбеди дека Дирекцијата ќе биде редовно консултирана во изготвувањетот на сите идни планови и нацрт-закони. Потребни се и понатамошни доразработувања на Законот за заштита на лични податоци со цел постигнување целосна усогласеност со acquis.“

### 8.1.2 НПАА –национална програма за усвојување на правото на европската унија

Во рамки на континуирана достава на ажурирање на состојба во однос на примена и усвојување на правото на Европската унија, Дирекцијата ги реализираше целите дефинирани во Поглавјето 3.23 -Правосудство и фундаментални права од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) планирани за 2014 година што се однесуваат на заштита на личните податоци.

Истото подразбира ревизија/пресек на спроведените активности во рамки на Акцискиот план за имплементација на Стратегијата за заштита на лични податоци 2012-2106; бројни активности за имплементација на стратешкиот документ – Комуникациската стратегија, за подигање на јавната свест за правото на заштита на лични податоци; реализација на инспекциски надзори што се спроведуваат согласно месечните планови во рамките на Годишната програма за инспекциски надзор.

Тековно се спроведуваат активности за подигнување на јавна свест за контролори/обработувачи преку континуирано спроведените обуки (генерички и специјализирани обуки по области) согласно Годишна програма за обуки и дополнителни барања за обуки од страна на контролори/обработувачи на збирки со лични податоци. Согласно бројот на спроведени обуки и бројот на регистрирани контролори и збирки на лични податоци се смета дека активноста „промоција на регистар на збирки на лични податоци“ е максимално опфатена и реализирана. Завршена е сертификацијата односно имплементацијата на Системот за управување со квалитет, согласно барањата на меѓународниот стандард EN ISO 9001:2008 и со позитивна оцена од страна на ревизорот. Во рамки на активностите за создавање одржлив систем за континуирана едукација во основно и средно образование за начелата на законот за заштита ан лични податоци,реализирани се низа активности и соработки со други органи (МОН-БРО), а спроведени се и активности за зголемување на соработката со Народниот правобранител, Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер и други органи. Беше формиран и тим за брз одговор кој ќе постапува во сите случаи кои се однесуваат на повреда на личните податоци на социјалните мрежи.

Утврдени се среднорочни приоритети – донесување на измени и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци со цел понатамошно усогласување со acquis, согласно забелешка од Извештајот за напредокот на РМ; на Конвенцијата 108 на Советот на Европа ќе води кон нејзина ратификација со цел да стане составен дел од националната легислатива. Од особена важност е воведување правен основ за On-line инспекција и практично спроведување на истата, како и следење и зголемување на степенот на извршување на изречените глоби од сторени прекршоци согласно законски надлежности, како и донесување на нови стратешки документи за следниот период.

### 8.1.3 Меѓуресорско тело за човекови права

Дирекцијата на заштита на личните податоци е еден од 12-те претставници во Меѓуресорско тело за човекови права, кое во текот на 2014 година одржа една седница.На состанокот, меѓу другото беа разгледани прашањата поврзани со презентацијата на Вториот национален извештај на Македонија за Универзалниот периодичен преглед што во рамките на Советот за човекови права на ОН се одржа на 30 јануари оваа година во Женева. Исто така стана збор и за создавање законски можности за акредитација на Народниот правобранител со статус А, согласно париските принципи за независни институции за човекови права. Со оглед на актуелноста на прашањата поврзани со криминал од омраза, беа разменети мислења за можноста од евидентирање на вакви случаи од страна на надлежните институции во државата.

Беше разгледана и можноста од ратификација на некои важни меѓународни инструменти од областа на заштитата и промоцијата на човековите права, како што е Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и борба против насилство врз жените и домашно насилство, позната како Истанбулска конвенција, како и извештајните обврски на Република Македонија по меѓународните инструменти за човекови права, вклучително и актуелните обврски во областа на човековите права во контекст на интеграцијата со ЕУ.

### 8.1.4 EUROJUST

EUROJUST - Европравда е тело на Европската Унија основано во 2002 година чија цел е зајакнување на ефективноста на институциите на земјите членки надлежни за истрага и гонење на сериозни облици на транснационален и организиран криминал. Европравда е првата постојана мрежа во светот на правосудни органи. Европравда е организатор на состаноци помеѓу истражни судии, обвинители или полициски службеници со слични надлежности од различни земји кои работат индивидуални случаи или пак со определени форми на криминал. Европравда има уникатна улога во правната област на Европската Унија. Негова мисија е да го унапреди развојот на пан-европска соработка за кривични случаи.

Заедничкиот надзорен орган при Европравда (JSB) е орган во состав на Европравда и е задолжено да ја контролира законитоста на обработката на личните податоци во Европравда кои се доставуваат од сите земји членки во врска со случаите кои се предмет на работа на Европравда. Во текот на 2008 година Република Македонија ги започна преговорите со Европравда со цел склучување на Договор за соработка. Притоа, во текот на преговорите беше оценето дека една од главните претпоставки за склучување овој договор е воспоставување на адекватен систем на заштита на личните податоци во Република Македонија, што резултираше со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци и бришење на делот содржан во Законот за ратификација на Конвенцијата за заштита на физичките лица во поглед на автоматската обработка на личните податоци, а кој се однесува на тоа дека оваа конвенција нема да се применува при водење на кривична постапка. По завршување на овие процеси на 28 ноември 2008 година беше потпишан Договорот за соработка помеѓу Република Македонија и Европравда (EUROJUST) и објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 51 од 2009 година. Во таа насока, а согласно одредбите на членот 17 од Законот за ратификација на Договорот за соработка меѓу Република Македонија и Европравда (EUROJUST) е утврдено дека националниот орган за заштита на личните податоци (во конкретниот случај, Дирекцијата за заштита на личните податоци) во Република Македонија поднесува Извештај на годишно ниво до Европравда за состојбите во областа на правосудството во однос на имплементација на прописите за заштита на личните податоци.

По овој основ, во 2014 година Дирекцијата изврши инспекциски надзор во трите обвинителствата во Скопје и на таа основа го изработи и достави до EUROJUST вториот национален извештај. Целта на овој извештај е да се презентира фактичката состојба во јавните обвинителства во Република Македонија во однос на применувањето на прописите за заштита на обработката на личните податоци.

### *8.1.5 EUROPOL*

EUROPOL - ЕВРОПОЛ има една од најробусните правила за заштита на личните податоци во делот на надзорот над работата на органите за спроведување на закон. Дирекцијата за заштита на лични податоци активно учествуваше во подготовките на РМ за потпишување на Оперативен и Стратешки договор за соработка со Europol. Воедно, континуирано ги следи предлог измените на ниво на ЕУ во насока на заштита на личните податоци во секторот за спроведување на законот. Од особен интерес и важност за Дирекцијата е работата на DPO EUROPOL- Канцеларијата за заштита на лични податоци при EUROPOL, како интегрален и независен дел од оваа институција, чија основна задача е да обезбеди правна усогласеност со Одлуката на Советот на ЕУ и да обезбеди насоки и независна поддршка и консултации, особено за Оперативниот Оддел при EUROPOL. Истата спроведува редовни инспекции над базите на податоци на EUROPOL; имајќи целосен пристап кон сиот обем на податоци кои се обработуваат во/од страна на EUROPOL, па така неточни податоци, неажурирани информации или непотребни пребарувања се „снимени“, т.е. зачувани и може да бидат предмет на понатамошна истрага. Имено, и самиот систем во EUROPOL дава можност преку аналитички софтвер да се преиспита валидноста/ издржаноста на пребарувањата на личните податоци или незаконско бришење или менување на податоците преку можноста за зачувувања на логовите за пристап, така што секоја промена автоматски се зачувува, овозможувајќи ја верификацијата од страна на Канцеларијата за неопходноста за пристап и правниот основ за обработка на податоците.

Земајќи го предвид фактот што Дирекцијата за заштита на личните податоци активно учествуваше во донесувањето на новиот Закон за кривичната постапка, постојано укажуваше на потребата од постоење на баланс помеѓу јавниот интерес, односно мерките што треба да се преземаат во борбата против криминалот и почитувањето на правото на приватност од страна на органите за спроведување на законот. Ова особено што, во борбата против тероризмот и криминалот, не треба да се заборави на основните човекови права и слободи, туку напротив потребно е за нив да се обезбеди заштита. Следствено на ова, во глава XV од Законот за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/10 и 100/12) се вградени одредби за заштита на личните податоци во кривичната постапка кои се однесуваат на обработка на личните податоци од страна на јавното обвинителство за потребите на кривичната постапка; точноста, измената, бришењето и чувањето на личните податоци; давањето на личните податоци на корисници; правото на информираност на субјектот на лични податоци и надзор над обработката на личните податоци.

Дирекцијата за заштита на личните податоци од извршениот инспекциски надзор над законитоста на обработката на личните податоци во Министерството за внатрешни работи, Сектор за меѓународна полициска соработка, Одделение за Европол утврди дека е потребно да се воспостави целосен систем за заштита на личните податоци посебно во делот на воспоставување на процедура за правото на пристап и исправка на личните податоци на субјектите на личните податоци и во целосно донесување на потребната документација за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

## 8.2 Учество во работата на ЕУ органи и тела за заштита на лични податоци, конференции и работилници

### 8.2.1 Консултативен комитет на Советот на Европа за заштита на поединецот од автоматска обработка на личните податоци T-PD

Советот на Европа е водечка организација за човекови права во Европа. Во моментов брои 47 земји членки, од кои 28 се земји членки на ЕУ. Сите земји членки на Советот ја имаат потпишано Европската Конвенција за човекови права, што претставува меѓународен договор (инструмент) дизајниран да ги штити човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја надгледува примената на Конвенцијата за човекови права од страна на земјите членки. Физичките лица можат да поднесат жалба, односно да покренат постапка во случај на повреда на човековите права пред судот во Стразбур, но само откако ќе ги искористат сите правни лекови во својата земја .Европската унија се подготвува да ја потпише Европската конвенција за човекови права со што ќе се создаде заеднички Европски правен простор за преку 820 милиони граѓани во овој сегмент. Конвенцијата за заштита на индивидуалци во врска со автоматската обработка на личните податоци (Конвенцијата 108) е отворена за пристапување од 28 јануари 1981 година и претставува прв правно обврзувачки меѓународен инструмент во областа на заштитата на личните податоци. Согласно оваа конвенција земјите потписнички се повикани да ги преземат сите неопходни чекори во националното право за да се применат принципите на Конвенцијата со цел да се обезбеди на нивната територија заштита на основните човекови права во корелација со обработката на личните податоци Дирекцијата за заштита на личните податоци, учествува во работата на T-PD и дава активен придонес во креирањето на развојот на заштитата на личните податоци. Во јуни, 2014 г. во Стразбур, во организација на Совет на Европа, Дирекцијата зеде учествуво на 31та Пленарна седница на Консултативниот Комитет на Конвенцијата за заштита на физичките лица во врска со автоматска обработка на личните податоци (T-PD) . Дирекцијата даде мислење по следниве документи подготвени од Советот на Европа – Консултативниот Комитет T-PD:

- ⇒ Последни достигнувања на Дирекцијата(Latest developments of the Directorate for Personal Data Protection);
- ⇒ Информација за активностите на ДЗЛП за одбележување на „28 јануари“ – Меѓународниот ден за заштита на личните податоци.

Советот на Европа, преку Т-ПД Консултативниот комитет, ги продолжи дискусиите за измени на Конвенција 108 на Советот на Европа за заштита на поединецот во врска со автоматска обработка на личните податоци вклучувајќи го и Дополнителниот Протокол на Конвенцијата во врска со надзорни органи и пренос на податоци во трети земји.

Во текот на 2014 година, Дирекцијата зеде активно учество во работата на Комитет на вториот и третиот работен состанок што се одржаа во извештајната година, а се однесуваа на ревизија и модернизација на Конвенција 108 . На финалниот состанок на подкомитетот за заштита на лични податоци се изврши темелно читање на предлозите за модернизација на Конвенцијата и по нивното уредување се изврши одобрување и воедно беше дадена насока текстот на Конвенцијата да се даде на усвојување на Комитетот на министри при совет на Европа.

Главната цел со модернизацијата на Конвенцијата е да се обезбеди дека основните принципи за заштита на личните податоци навистина се применуваат во што е можно повеќе земји на земјата со цел да се гарантира соодветно ниво на заштита на луѓето во врска со обработката на личните податоци. Тука треба да се истакне дека особено се дава акцент на процесот на евалуација на имплементацијата на Конвенцијата од страна на договорните страни. Новини кои беа вметнати во процесот на модернизација на Конвенцијата се проширување на опфатот на нејзина примена врз секаков вид обработка на лични податоци, нови дефиниции за контролор, обработувач и корисник, воведување на нови институти : Privacy accountability, Privacy Assessment и Privacy by Design, се уредува преносот на податоци во земјите потписнички и начинот на пристапување и влегување во сила на протоколот со кој се модернизира Конвенцијата.

Согласно работната програма 2012-2013 на Консултативниот комитет на Конвенцијата 108 во делот насловен како "друга работа" предлог за разгледување на спроведувањето на Препораката бр. (97) 5 за заштита на медицински податоци и нови форми на обработка на медицински податоци, беше изготвен прашалник кој не треба да покаже како сеопфатно Препораката да се спроведува на национално ниво, туку да се идентификуваат новите трендови во областа што треба да се послужат како основа на ажурирање на истата. Дирекцијата за заштита на лични податоци пристапи кон дистрибуција на прашалникот до здравствените организации на територија на Република Македонија, како и прибирање на одговорените прашалници и нивно проследување до Советот на Европа. Беа собрани вкупно 10 прашалници од јавни и приватни здравствени установи од Република Македонија.

### 8.2.2 Работна Група 29 (Article 29 Working Party)

Работната група 29 е формирана согласно Директивата 95/46/ЕК на Европскиот парламент и Советот на Европа на 24 октомври 1995 година, со цел заштита на личните податоци и слободен проток на истите. Таа е составена од претставници на органите за заштита на лични податоци на земјите -членка на ЕУ, претставници на Европскиот надзорен орган за заштита на лични податоци и претставник на Европската комисија. Таа е многу важна платформа за соработка и нејзините главни задачи се да обезбеди стручни совети од национално ниво до Европската комисија за прашања поврзани за заштита на податоците, промовирање на единствена примена на Директивата 95/46 во сите земји-членки на ЕУ, како и во Норвешка, Лихтенштајн и Исланд; да ја советува Комисијата за кое било европско правото кое влијае на правото на заштита на личните податоци.

Дирекцијата има статус на набљудувач во Работната Група 29. Во текот на 2014 година, Дирекцијата вложи напори да учествува во работењето на ова исклучително важно тело за заштита на приватноста. Претставници на Дирекцијата учествуваа на сите 5 работни средби на Работната Група 29 во рамки на ЕУ. Учеството ни овозможи пристап до најновите текови и трендови во ЕУ пристапот кон заштитата на личните податоци и ги отвори вратите за непосредна билатерална и мултилатерална соработка со останатите учесници– членки на ЕУ. Размената на мислења во рамки на средбите на Работната Група се суштински за пронаоѓање на најсоодветни механизми за спроведување на законодавството за заштита на личните податоци. Исто така, со редовното присуство и активното учество на Дирекцијата на сите состаноци на Работната група 29 во 2014 година постигнато е навремено следење на новините од областа на заштитата на личните

податоци во согласност со постојната и престојната легислатива за заштита на личните податоци на Европската Унија.

Во текот на извештајната година, Дирекцијата достави мислења и сподели искуства во рамки на Работната група 29 по следните работни документи:

⇒ Консултација за можните подобрувања за организационите методи на Работната група 29 (Consultation on possible improvements for the WP 29's methods and organizations)- прашалник од Лихтенштајн

⇒ Одговор на Барање за информација во врска со споделување податоци (Answer to the Request for information on data sharing) - Барање од Ирска

⇒ Мислење по интерпретација на член 7 (b) од Директивата 95/46/ЕК ( Opinion on the interpretation of Article 7 letter b of the Directive 95/46/EC)

⇒ Одговор на Барање за информација во врска со споделување искуство со социјалната мрежа „Ask for me“ (Advise on any activity carried out in respect of the social network ”Ask for me”)

⇒ Одговор на Барање за информација за надлежностите на ДЗЛП да ги контролира агенциите за безбедност и разузнавање (Answer to the Request for information on the powers of the DPDP to control Security Intelligence Agency)

⇒ Одговор на Барање за информација во врска со продажба на бази на податоци од потрошувачи ( Answer on request for information for dealing with some cases in relation to” selling of customer databases”)

⇒ Одговор на коментари по барање за стандардизација како поддршка на имплементација на приватноста во процесот на дизајн и развиток како и производство и обезбедување услуги на сигурносните технологии (Enquire for comments on standardization request in support of the implementation of privacy management in the design and development and in the production and service provision process of security technologies)

⇒ Одговор на Барање за информација за правото на органот за заштита на лични податоци да го набљудува процесот на обработка на лични податоци во судовите (Request on the Right to monitor processing of personal data in courts)

Користејќи ја мултилатералната соработка, Дирекцијата за заштита на личните податоци инициране меѓународна дискусија и размена на мислења по однос на прашањето за обработка на лични податоци на при-пејд корисници во однос на електронските комуникации. Имено, ДЗЛП испрати барање до сите земји членки на Работната група 29, за нивно мислење во врска со практиката за прибирање лични податоци за при-пејд корисниците од страна на операторите . По ова прашање Дирекцијата доби 6 одговори за искуствата и праксите во повеќе држави. Кон крајот на 2014 година се иницираше дискусија уште по едно прашање за статусот на црквите како конторолори и збирките на податоци кои ги регистрираат истите, согласно националните легислативи во одделни држави. По однос на ова прашање, до Дирекцијата пристигнаа 11 одговори од земји-членки во работната група 29, со што се придонесе кон подготовка на сеопфатна анализа за различните практики.

Дирекцијата даде свое мислење и по поединечни прашања на органи за заштита на личните податоци на други држави и тоа:

⇒ Мислење по прашање за регистри на неликвидни претпријатија во Македонија— Барање од Комесарот за информации од јавно значење за заштита на личните податоци на Република Србија

⇒ Мислење по барање за употреба на сообраќајни видео камери ( Request on the use of traffic (video) recorders) - Барање од Државниот инспекторат за заштита на лични податоци на Република Литванија

⇒ Барање за пристап на субјект до TFTP податоци (Question on subject access requests to TFTP data ) - Барање од Канцеларијата за заштита на лични податоци на Република Чешка

Во текот на извештајната 2014 година, Работната група 29 на работните состаноци кои ги одржа усвои мислења и препораки, кои ги презентираат ставовите на групата , а кои ставови не ја рефлектираат позицијата и ставовите на Европската комисија.

Во текот на 2014 година, беа усвоени следните мислења и препораки:

| | |
|---|---|
| 1. | Работен документ за надзор на електронски комуникации за разузнавање за интелигентни и цели на национална безбедност |
| 2. | Заеднички став на европските органи за заштита на лични податоци во склоп на работната група 29 |
| 3. | Работен документ на воспоставуање на процедура за идна соработка за издавање заеднички мислења по "договорни клаузули" огласени со модел клаузулите на Европската комисија |
| 4. | Упатство за спроведување на пресудата на Судот на правдата при Европската унија за случајот "Гугл Шпанија, шпанскиот орган за заштита на лични податоци и Марио Costeja Гонзалес" C-131/12 |
| 5. | Мислењето 9/2014 за примена на Директивата 2002/58 / ЕЗ која се однесува на уредот за земање отпечатоци |
| 6. | Мислењето 8/2014 за за последните случувања поврзани со интернет на нештата |
| 7. | Изјава на резултатите од последниот состанок за правда и домашни работи |
| 8. | Изјава на Изјавата на WP 29 за влијанието на развојот на big data за заштита на поединците во однос на обработката на личните податоци во ЕУ |
| 9. | Изјава за пресудата на Судот на правдата на Европската унија (CJEU) која се става вон сила на Директивата за задржување на податоци |
| 10. | Мислењето 7/2014 за заштита на личните податоци во Квебек |
| 11. | Изјава за улогата на пристап базиран на ризик за законските рамки за заштита на податоците |
| 12. | Мислење 06/2014 на "Поим за легитимните интереси на контролорот на податоците согласно член 7 од Директивата 95/46 / ЕК" |
| 13. | Мислење 05/2014 на тема „Техники за анонимизација на интернет“ |
| 14. | Мислење 04/2014 на тема „Надзор на електронски комуникации за разузнавање за цели на национална безбедност“ |
| 15. | Работен документ 01/2014 за Нацрт Ад хок договорни клаузули "податоци во ЕУ процесор за не-ЕУ под-процесор " |
| 16. | Мислење 03/2014 за известувања за пробиени на личните податоци |
| 17. | Мислење 02/2014 на референт за барања за задолжителни Корпоративни Правила поднесени до националните агенции за заштита на податоци во ЕУ и правила за приватност при прекугранична соработка поднесени до агентите на APEC CBPR |
| 18. | Мислење 01/2014 за примената на нужност и концепти насразмерност и заштита на податоците во секторот за спроведување на законот |

*Табела бр. 18* Мислења и препораки усвоени од Работната група 29 во текот на 2014 година

### 8.2.3 Пролетна конференција—Европска конференција на органите за заштита на лични податоци

Пролетната конференција на европските органи за заштита на лични податоци во 2014 година се одржа во Стразбур на тема „Резолуција на ревизијата на Конвенцијата за заштита на индивидуалците со осврт на автоматската обработка на личните податоци (Конвенција 108)“. Конференцијата ги поддржа напорите на Советот на Европа за модернизација на Конвенцијата 108 и дополнителниот протокол, и во тој контекст се нагласи дека било какво намалување на степенот на заштита овозможен со Конвенцијата би бил огромен чекор назад и повика земјите-членки на Конвенцијата да практикуваат заштита и засилување на моменталното ниво на заштита предвидено како според Конвенцијата, така и од Консултативниот комитет (T-PD) во целина. Се заклучи и дека ефективната заштита на личните податоци бара основање на независни надзорни органи .

### 8.2.4 Студиска посета на проектот „Продолжување на активностите во рамки на проектот Одржливо учење за ЕУ и систем за обука“- модул „Правда и внатрешни работи– полиција“

Делегација од Дирекцијата за заштита на лични податоци оствари студиска посета во рамки на проектот „Продолжување на активностите во рамки на проектот Одржливо учење за ЕУ и систем за обуки“ со цел запознавање со ЕУ институциите. Во текот на посетата, делегацијата се запозна со работата на Европската комисија, Европскиот совет во делот Правда и внатрешни работи. Беа презентирани информации за Europol, CEPOL, како и Стратегијата за безбедност на ЕУ (COSI) .

Беше презентирана и работата на ОЛАФ—Европската канцеларија за спречување на измама, соработката која таа ја има со националните судски органи и обврските кои Македонија ги има во таа област.

На средбата со претставници од Генералниот директорат за проширување во Одделението за Европска интеграција се дискутираше за проширување на Унијата и проблемите кои Република Македонија ги има во фазата на преговори.

### 8.2.5 Регионална обука на тема „Заштита на податоци“

Во април 2014 година, претставник од Дирекцијата за заштита на личните податоци учествуваше на регионална обука на тема „Заштита на податоци“ во организација на Канцеларијата на ГИЗ (Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH, Open Regional Fund for South East Europe - Legal Reform - регионален проект ИПА 2010 „Борба против организираниот криминал: јакнење на јавно-обвинителската мрежа“, која што се одржа во Тирана, Република Албанија.

Имено, предмет на оваа регионална обука беше анализа на инструментите и механизмите на Советот на Европа и Европската Унија кои се употребуваат при заштита на лични податоци во спроведувањето на дејствијата за потребите на кривичната постапка, вклучувајќи ги истрагите и гонењето на криминалните активности, со презентирање на правилата и практиките за заштита на личните податоци во рамките на институциите на Европската Унија, Европравда и Европол.

### 8.2.6Членство во Глобалната мрежа за спроведување на прописи за приватност –GPEN

Преку поднесување на апликација за членство, Дирекцијата за заштита на личните податоци стана членка на Глобалната мрежа за спроведување на прописи за приватност—GPEN.

Основната мисија на членовите на оваа мрежа е да се дискутира за практичните аспекти на спроведување на законот за заштита на приватноста, соработка и споделување на најдобрите практики во решавањето на прекуграничните предизвици. Воедно, членовите на оваа мрежа работат за да развијат заеднички приоритети за спроведување и меѓусебна поддршка на заедничко спроведување иницијативи и кампањи за подигање на свеста за заштитата на личните податоци .

Глобалната мрежа за спроведување на прописи за приватност (GPEN) е создадена за да се зајакне заштитата на приватноста во овој глобален контекст преку помагање на државните органи со одговорности за спроведување на домашните закони за заштита на правото на приватност преку зајакнување на нивните капацитети за прекугранична соработка.

### 8.2.7 Учество на 28-та Меѓународна конференција Info-tech 2014



Претставници од Дирекцијата за заштита на лични податоци, во периодот од 18-19 септември 2014 година, земаа учество на **28-та Меѓународна конференција Info-tech 2014**, која што се одржа во Варна, Република Бугарија. На конференцијата беа презентирани материјали во врска со следните теми: Information technologies, Information security, Networking and communication technologies, Distributed systems and applications, Technologies for system design and investigation, Intelligent systems and applications, Technological aspects of e-Governance, Technological aspects of data protection.

### 8.2.8 Учество на завршна конференција на PHAEDRA проектот

Директорот на Дирекцијата за заштита на лични податоци учествуваше на завршна конференција на PHAEDRA проектот во Краков, Полска, што се спроведува во насока на подобрување на практичната соработка меѓу Органите за заштита на личните податоци во ЕУ и пошироко. Директорот зеде учество на панел дискусијата во вториот дел и зборуваше на тема: „Спроведување на приватноста во пракса – меѓународни искуства при справување на случаи во пракса“, со посебен осврт на регионалната соработка на органите за заштита на личните податоци во регионот на Западен Балкан.

### 8.2.9 Учество во ad hoc работната група за заштита на лични податоци во рамки на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа

Претставник од Дирекцијата учествуваше на третиот состанок на ad hoc работната група за заштита на лични податоци во рамки на Конвенцијата за полициска соработка во југоисточна Европа што се одржа во декември во Република Словенија. На истиот присуствуваа претставници на националните и на заштита на податоците и за спроведување на законот од договорните страни, како и претставници од Европравда и Генералниот секретаријат на Советот на ЕУ. Мандатот и задача на работната група е да се договорат сите детали за извршување на специфични оценки и за следење на почитувањето на одредбите на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа во поглед на заштита на податоците. На состанокот се презентираше документ за проширување на мандатот на работната група и дефинирање на работните задачи. Учесниците пристапија кон усогласување на новиот текст на Правилата за работа на работната група со цел нивно донесување на идниот состанок на министри за внатрешни работи на земјите членки на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа. Притоа сите делегации –учесници на состанокот ја поддржаа новата улога на работната група како тело кое ќе се грижи за конзистентна примена на членот 31 од Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа при преносот на лични податоци меѓу Националните Централни Единици (МВР) на земјите членки на оваа конвенција. Исто така, беше иницирана и дискусија во однос на инспекциите надзори извршени на национално ниво и справувањето со претставки и жалби од субјектите на лични податоци.

### 8.2.10 Учество на CIS Форумот за безбедност на информации




На основа на склучен меморандум за соработка со CIS Австрија, претставник од Дирекцијата зеде учество на CIS Форумот за безбедност на информации, што се одржи во октомври во Албанија. Безбедноста на информациите денес е еден од клучните фактори на бизнисот. Нарушувањето на безбедноста може да доведе до губење на податоци, да влијае негативно на имиџот на компанијата, но исто така е важно и да се контролираат системите за управување со безбедност на информации. Затоа, Дирекцијата ги поддржува сите напори за подигање на свеста за спроведувањето на стандардите во заштита на податоците. Токму теми кои ја покриваат оваа проблематика беа присутни на овогодинешниот форум, односно најновите предизвици во областа на безбедноста на информациите, како и мерки во законодавство за заштита на личните податоци и како овие промени ќе донесат безбедност за бизнисот, конкурентна предност и задоволството на клиентите.




### 8.2.11 Конференција за заштита на личните податоци на земјите од Југо – Источна Европа CEEDPA

Во периодот од 02-03 април 2014 година, Дирекцијата за заштита на личните податоци на Република Македонија беше домаќин на 16та по ред Конференција за заштита на личните податоци на земјите од Централна и Источна Европа (CEEDPA) , чии надлежности се во насока на подобрување и давање взаемна поддршка за имплементација за европската регулатива за заштита на личните податоци во националните законодавства.

На Конференцијата за заштита на личните податоци на земјите од Централна и Источна Европа, Република Македонија учествуваа 30 претставници, професионалци од областа на заштитата на личните податоци од 13 национални органи за заштита на личните податоци. Во текот на двата работни денови се дискутираше за модернизација на легислативата за заштита на личните податоци, соочување со предизвиците на “big data”, собирање на податоци преку smart уреди, cloud computing– одговорности и предизвици за заштита на личните податоци, видео надзор на приватен имот, заштита на личните податоци во изборниот процес. Во однос на модернизацијата и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци, претставници на Република Македонија воведоа најновите предлози на постоење на трета страна како надзорен механизам за заштита на податоци. Посебно внимание беше посветено на подрачјето на анонимизација на судските одлуки, анализа на тужби, главно разменија искуства и научените лекции од сите учесници. Исто така, видео надзор на приватен имот, видео надзор за вработен, како модалитет на контрола беа и повеќе дискутирани, особено од аспект на легитимен интерес на работодавачот и заштита на правото на достоинство на вработените.



На оваа конференција беа усвоени и потпишани две декларации:

⇒ Декларација за нов член на CEEDPA - грузиската ДПА е нов член на CEEDPA, што резултираше со голема поддршка од сите членови кои покажуваат дека придобивките од CEEDPA проширувањето се значително повеќе вредни

⇒ Декларација за заемна помош и зајакната соработка;

Вториот документ е во насока на изразување на заедничката потреба за зајакнување на нашата соработка и обележување на моменталната состојба на работите за промена во ЕУ на рамката за заштита на личните податоци, и како домаќин, Македонија силно смета дека е важно да се слушне глас од Централна и Источна Европа, барајќи од Советот на ЕУ за навременото донесување на идната регулатива за заштита на податоци на ЕУ, земајќи ги предвид тековните работи на "one -stop-shop" систем во рамките на идната регулатива, која предвидува конкретни овластувања и обемот на одговорностите на органите во контекст на прекуграничната обработка на податоци, под тоа обезбедување на околности, ова треба да се смета како чекор напред од земјите на Централна и Источна Европа, а меѓу нив не-членките на ЕУ, да го поддржат и усвојат овој наратив.

Поддршката на активности за градење на капацитетите на ДПА во земји кои не се членки на ЕУ се прашања на потреба, и како факт се признаени и прифатени од сите членови CEEDPA .




### 8.2.12 55-от Состанок на меѓународната работна група за заштита на личните податоци во телекомуникацискиот сектор (IWGDPT).

Во период од 05 до 06 мај 2014 година Дирекцијата за заштита на личните податоци на Република Македонија, заедно со Берлинскиот комесар за заштита на личните податоци, беше домаќин на 55-от по ред Состанок на Меѓународната работна група за заштита на личните податоци во телекомуникацискиот сектор. На состанокот 40 експерти од националните органи за заштита на личните податоци дискутираа за работните документи кои се однесуваат на „big data“, следење на интернет комуникацијата „web tracking“, преносливите компјутери и приватноста, smartTV како и за заштита на приватноста на социјалните мрежи.

Во рамките на овој состанок беше организирана и 2-та Работилница од страна на PHAEDRA конзорциумот-Унапредување на практичната соработка за поддршка и помош помеѓу органите за заштита на личните податоци. Во текот на Работилницата беа претставени резултатите од досегашните активности и беа дадени предлози за можностите за развивање на меѓународната соработка помеѓу органите за заштита на личните податоци во насока на можностите за развивање на меѓународната соработка помеѓу органите одговорни за спроведување на законите за заштита на личните податоци и останатите заинтересирани страни кои може да имаат значаен придонес во градењето на културата на приватност.





### 8.2.16 26-та работилница за постапување по случаи (Case Handling Workshop)

Дирекцијата за заштита на личните податоци беше домаќин на 26-та работилница за постапување по случаи (Case Handling Workshop) под покровителство на Европската конференција, која се одржа во Скопје во периодот 06-07 Октомври 2014 година.

Работилницата (CHWS) е серија на настани што се организираат од органите за заштита на податоци, еднаш годишно во различни земји-домаќини, со цел да се разменат идеи, искуства, знаења, информации за практични прашања на оперативно ниво. Работилницата е подгрупа на пролетната конференција на органите за заштита на податоците. Оваа година Дирекцијата за заштита на личните податоци беше домаќин на претставниците на органите за заштита на податоците на меѓународно ниво, ЕУ, Европската комисија и Европскиот супервизор за заштита на податоците се редовни учесници.

Работилницата нема овластување да донесува сопствени политики, да подготвува извештаи и не е замислена да биде форум каде што ќе се донесуваат одлуки. Фокусот на работилницата е разгледување на секојдневните практични аспекти на органите за заштита на податоците, работни процедури, како и размена на националните искуства и најдобри практики. Различни типови на проблеми може да се дискутираат, што се однесува на видот на претставките, истрагите и спроведувањето на законските надлежности, примената на одредени законски одредби или процедурални прашања, комуникациски прашања итн.






На 26-та работилница се дискутираше на повеќе случаи на следните теми:

⇒ Заштита на личните податоци во правосудниот систем;

⇒ Прекумерна збирка на лични податоци и рамнотежа помеѓу правото на заштита на личните податоци и правото на пристап до јавни документи;

⇒ Видео надзор;

⇒ Копии од лични карти во банки и други институции;

⇒ Биометриски податоци;

⇒ Заштита на лични податоци во маркетинг;

⇒ Трансфер на лични податоци;

Одржувањето на еден ваков настан придонесува за развој на механизми за практична заемна помош и соработка во вршењето на должностите на органите за заштита на личните податоци. Од особено значење се меѓународните искуства на овие теми со оглед на бројот и видот на добиени претставки во ДЗЛП во изминатиот период, како и извршениот инспекциски надзор.

## 8.3 Користење на ЕУ фондови

### *8.3.1TAIEX—Инструмент на Европската Комисија за техничка поддршка и размена на информации*

Во поглед на користењето на TAIEX, инструмент за техничката помош и размена на информации, 2014 година беше доста успешна за ДЗЛП. Преку вкупно 11 настани помогнати од овој инструмент, кои се однесуваа на пракси, искуства и имплементации на законот за заштита на лични податоци, обработка на податоци во мрежа и слично, низ повеќе организирани работилници во текот на 2014 година во Скопје беа обучени повеќе од 300 луѓе за прашања поврзани со заштитата на личните податоци. Преку студиските посети кои ги остварија вработените во Дирекцијата, тие стекнаа голем број искуства од своите колеги во странските органи за заштита на лични податоци во поглед на извршувањето на инспекциските надзори, работењето во облак, вршење онлајн инспекции како и различни аспекти за легислативата за заштита на личните податоци.

Подолу е дадена листа на настаните помогнати од TAIEX, на кои ДЗЛП зеде учество.

### Студиска посета во Република Бугарија на тема „Заеднички активности на органите за заштита на лични податоци – заеднички инспекциски надзор“, 8-10 Јануари 2014 година

Со поддршка на инструментот TAIEX на Европската Комисија, претставници од Дирекцијата за заштита на личните податоци од 8 до 10 јануари 2014 година остварија студиска посета на Комисијата за заштита на лични податоци во Софија, Република Бугарија на тема: „Заеднички активности на органите за заштита на лични податоци – заеднички инспекциски надзор“. Целта на студиската посета беше стекнување на искуства за заштита на личните податоци при спроведувањето на заеднички инспекциски надзор во мултинационална компанија.

Претставниците на Дирекцијата за заштита на личните податоци на Република Македонија и Комисијата за заштита на личните податоци на Република Бугарија во текот на тридневната посета идентификуваа добри страни, но и предизвици со кои ќе се соочуваат органите за заштита на личните податоци при спроведување на заеднички инспекциски надзори. Овие искуства се очекува да се земат предвид при изработката и донесувањето на новата регулатива за заштита на личните податоци на Европската унија.

### Работилница на тема „Европски печат за приватност“, 13-14 февруари 2014 година

На 13-14 февруари 2014 година, во Скопје се одржа меѓународна работилница на тема “Европски печат за приватност” со поддршка од инструментот за предпристапна помош на Европската комисија, TAIEX на која беа опфатени практиките за добивање на печат за приватност. Европскиот печат за приватност претставува шема за утврдување на усогласеноста на новиот производ или услуга која компаниите планираат да ја понудат на пазарот со вредностите, начелата и правилата за заштита на личните податоци определени во прописите за заштита на личните податоци.

Експертите од надзорните органи за заштита на личните податоци од Унгарија, Ирска и Германија ги споделија своите искуства за вршење на ревизија на заштита на личните податоци и за процесите за добивање на Европски печат за приватност што беше од големо значење за идните чекори кои Дирекцијата за заштита на личните податоци треба да ги преземе во оваа сфера. Свој придонес во оваа Работилница, преку презентирање на актуелните состојби дадоа и домашни експерти.

### Студиска посета на Финска на тема: „Заштитата на личните податоци на комуникацијата на вработените“, 2-7 Март 2014 година

Преку TAIEX поддршката, делегација на Дирекцијата за заштита на личните податоци од 2 до 7 март 2014 година оствари студиска посета во органот за заштита на лични податоци на Финска. Тема на оваа посета беше „Заштитата на личните податоци на комуникацијата на вработените“. Целта на оваа посета беше да се добие јасна слика за правната рамка, нејзиното спроведување во пракса и најдобрите практики применети во рамките на ЕУ, со посебен осврт на Финска и искуството на Финскиот орган за заштита на личните податоци. За време на студиската посета беше презентирана ЕУ легислативата која се однесува на заштита на личните податоци на вработените, принципите и имплементацијата на нормите за заштита на личните податоци на работниците и лицата кои бараат работа како и начинот на спроведување на инспекцискиот надзор. Ова искуство беше доста значајно за Дирекцијата за заштита на личните податоци од аспект на подготовка и поднесување на нови законски одредби кои се однесуваат на заштита на приватноста на работниците.

### Студиска посета во Германија на тема „Заштитата на личните податоци на барателите на азил“, 18-19 Март 2014 година

Преку TAIEX поддршката, делегација на Дирекцијата за заштита на личните податоци од 18 до 19 март 2014 година оствари студиска посета во Германија на тема „Заштитата на личните податоци на барателите на азил“. Во рамки на студиската посета беа споделени искуства и добри практики во врска со заштитата на личните податоци на барателите на азил, лицата со признаен статус на бегалец и лицата под субсидијарна заштита, нивното право да бидат информирани за заштитата на нивните лични податоци, техничките и организациските мерки за заштита на овие податоци, како и методологијата за вршење на инспекција над обработката на личните податоци на овие лица. Исто така, беа споделени и искуства во однос на трансферот и размената на податоци помеѓу државите членки на ЕУ и централаната база на ниво на ЕУ (EURODAC).

### Работилница на тема „Компјутерски тимови за брза интервенција (CERTs) и заштитата на личните податоци“, 24-25 април 2014 година

Дирекцијата за заштита на личните податоци, со поддршка од инструментот на Европската унија TAIEX, во период од 24 до 25 април 2014 година организираше работилница на тема „Компјутерски тимови за брза интервенција и заштитата на личните податоци (CERTs)“. Целта на работилницата беше да се образложи правната рамка за воспоставување на нациналнi тимови за брза интервенција, категориите на лични податоци кои ќе бидат

собирани и обработувани од овие тимови, како овие податоци ќе бидат користени, структуирани и процесуирани во иднина, како и техничките мерки поврзани со обработката, споделувањето и заштитата на личните податоци. На работилницата беа презентирани најдобрите практики и достигнувања од Шведска, Холандија и Бугарија, како и правните аспекти од споделувањето на информациите и меѓу – гранична соработка помеѓу CERT's тимовите и соработка со Европол, односно со Европскиот центар за борба против компјутерскиот криминал.

## Експертска мисија за креирање и спроведување на обуки за заштита на личните податоци, 19-21 Мај 2014 година

Во периодот од 19-21 мај во просториите на Дирекцијата за заштита на личните податоци се одржа Експертска мисија за обука за заштита на личните податоци со учество на германски и полски експерти со поддршка од инструментот на Европската Унија TAIEX. Главната цел на експертската мисија беше да се укаже помош на Дирекцијата за воспоставување на тренинг модули за организација и реализација на обуки за заштита на личните податоци за контролори и обработувачи на лични податоци. На експертската мисија беа споделени презентирани значајни искуства во однос на тоа какви вештини треба да поседува еден предавач, како да се структуираат обуките, најдобрите начини, методи и техники за нивно спроведување, како и споделувње на најдобрите практики и искуства од страна на експертите. За време на работилниците беа споделени и искуства и препораки за воспоставување на модули за online обуки за индивидуалци, како и најдобри начини за спроведување на евалуација и добивање повратни информации (feedback) од веќе реализираните обуки.

## Работилница на тема „Заштита на личните податоци и cloud computing“ 29 Мај 2014 година

Дирекцијата за заштита на личните податоци, со поддршка од канцеларијата за техничка подршка TAIEX при Европската комисија, на 29 мај 2014 година во Скопје организираше работилница на тема „Cloud computing“ чија цел беше размена на добрите практики во однос на ризиците кои произлегуваат од користењето на cloud computing и начините за надминување на овие ризици. Исто така ќе бидат презентирани и најдобрите примери на правното регулирање на односот помеѓу обезбедувачите на cloud computing сервисите и нивните клиенти, а од аспект на заштита на личните податоци кои се пренесуваат.

На оваа работилница експертите од надзорните органи за заштита на личните податоци од Словенија, Данска, Шпанија и Велика Британија ги споделија своите искуства по однос на ризиците кои постојат при обработка на личните податоци во „Cloud computing“ како и кои техничките и организациските мерки за заштита на личните податоци треба да се преземат за да се заштитат податоците. Програмата ги опфати и главните препораки од Мислењето 5/2012 од Работната група на Article 29 во врска со Cloud Computing, која беше усвена на 1 јули 2012 година, како и специфични препораки кои беа усвоени од националните надзорни тела на државите членки на Европската Унија.

### Работилница на тема "Приватност по мерка, проценка на влијанието на приватноста и технологии кои вклучуваат прашања на приватност", 1 Јули 2015 година

На 01.07.2014 година, во Скопје се одржа еднодневна работилница на тема "Приватност по мерка, проценка на влијанието на приватноста и технологии кои вклучуваат прашања на приватност" со поддршка од инструментот за предпристапна помош на Европската комисија. Целта на работилницата беше размена на искуства и практични пример на употреба на алатката за проценка на влијанието на приватноста. Користењето на оваа алатка ги намалува ризиците кои произлегуваат од злоупотребата на приватноста, ги намалува трошоците за една организација во однос на неусогласеноста кон исполнување на обврските за заштита на поединецот при обработка на податоците. Истовремено, примената на овие алатки несомнено ги подобрува условите за водење бизнис, го зголемува степенот на конкурентност како на пазарот на труд, така и на пазарот на добри услуги.

Експертите од надзорните органи за заштита на личните податоци од Велика Британија, Словенија, Италија, Франција и Германија ги споделија своите искуства по однос на наведените прашања како и за воведување на механизмот на „приватност по мерка" (Privacy by design) што е уште еден чекор напред кон модернизирање на една организација која ги спроведува и почитува позитивните прописи за заштита на приватноста. На пазарот на трудот сѐ повеќе се почитуваат организации кои во своето работење вклучуваат процеси на идентификување и минимизирање на ризиците по приватноста.

### Експертска мисија „Заштитата на личните податоци наспроти медиумите"

### 7-10 Јули 2014

Со поддршка од канцеларијата за техничка поддршка TAIEX при Европската комисија, во периодот од 07-10 јули во просториите на Дирекцијата за заштита на личните податоци се одржа Експертска мисија на тема: „Заштитата на личните податоци наспроти медиумите", со експерти од Република Чешка, со претставници од Агенција за аудио и аудио визуелни медиумски услуги. За време на одржувањето на есперската мисија беа отворени дискусии во однос на македонската легислатива поврзана со заштита на приватноста наспороти медиумите, најдобрите практики на Чешкиот орган за заштита на личните податоци во однос на надзорот и инспекциите над медиумите, како и споделување на искуствата поврзани со заштитата на личните податоци и правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Експертите од Чешка ги пренесоа своите најдобри практики при спроведување кампањи, комуникација и односи со јавноста, но и нивни искуства во врска со претставки добиени од физички лица чии лични податоци биле злоупотребени од страна на новинари.

### Експертска мисија „Воспоставување на правен основ за спроведување на он-

**лајн инспекциски надзор“, 23-26 Септември 2014 година**

Во периодот од 23-26 септември 2014 година, во просториите на Дирекцијата за заштита на личните податоци се одржа експертска мисија на тема “Воспоставување на правен основ за спроведување на он-лајн инспекциски надзор“ за вработените во Дирекцијата. Експертската мисија беше на особено барање од страна на Дирекцијата за заштита на личните податоци со поддршка од инструментот за предпристапна помош на Европската комисија, TAIEX, чија цел е изменување и дополнување на легислативата за заштита на личните податоци во насока на креирање правен основ за спроведување на он-лајн инспекции. Ваква алатка досега имаат применето единствено Финскиот и Францускиот орган за заштита на личните податоци. Експертската мисија понуди и размена на искуства и практични примери на употреба на оваа алатка, од страна на експертот од Финска, г. Арно Реијо, Омбудсманот за заштита на личните податоци на Финска.

Користењето на оваа алатка следствено се очекува да ги надгради капацитетите на Дирекцијата за заштита на личните податоци, да даде приказ на клучната улога на Дирекцијата при селекција на контролори над кои ќе се врши надзорот за неусогласеноста кон исполнување на обврските за заштита на поединецот при обработка на податоците. Истовремено, позитивната пракса од Финска посочи и пример за тоа кои се институции од РМ треба да бидат вклучени во воспоставување процедура за вршење на он-лајн надзор.

## Студиска посета за имплементација на Директивата за е-приватност со посебен осврт на „колачињата“ (cookies), 10–11 Ноември 2014 година

Тројца претставници од  Дирекцијата за заштита на лични податоци во периодот од 10-11 ноември 2014 година оствария посета на Италијанскиот орган за заштита на личните податоци – Garante, во насока на практично спроведување на директивата за приватност и електронски комуникации. Директивата 2002/58 за приватност и електронски комуникации, инаку позната како Директива за е-приватност, е  ЕУ директива за заштита на податоците и приватноста во дигиталниот свет. Таа претставува продолжение на претходните напори, најдиректно од Директивата за заштита на лични податоци. Истата се занимава со уредување на голем број на важни прашања како што се доверливост на информациите, третман на сообраќај на податоци, спам и колачиња. Оваа директива е изменета со Директивата 2009/136, со која се воведуваат неколку промени, особено во она што се однесува на колачиња (cookies), кои сега се предмет на претходно дадена согласност. Од особено значење беше да се види праксата која ја има италијанскиот орган за заштита на лични податоци во насока на спроведување инспекциски надзор за cookies и решенијата кои се издадени од нивна страна врз контролорите од телекомуникациски сектор.

Во рамки на студиската посета беа споделени искуства и добри практики во однос на имплементацијата на Директивата, стандардните процедури за супервизија и надзор од страна на овластениот орган, подигање на свеста за прашањата поврзани со „колачињата“, како и споделување на искуства поврзани со конкретни случаи и одлуки на италијанскиот орган за заштита на лични податоци.

## 8.4 Билатерална и мултилатерална соработка

### Норвешки грант за институционално јакнење на Дирекцијата за заштита на лични податоци „Техничка помош за зајакнување на организациските и институционалните капацитети за заштита на личните податоци“

Проектот поддржан од Норвешкиот орган за заштита на лични податоци, започна во септември 2013 година и за основна цел има понатамошно јакнење на организациските и институционалните капацитети на Дирекцијата за заштита на лични податоци за подобра и поефикасна заштита на правото на приватност на социјалните мрежи, подигање на јавната свест кај граѓаните за правото на приватност при користење на интернет како и јакнење на нивното знаење во однос на современиот технолошки развој и новите прашања поврзани со приватноста, како што е cloud computing.



Во рамки на проектот, во март 2014 година се реализираше втората работна посета од страна на претставници на норвешкиот орган за заштита на личните податоци DATATILSYNET и NorSIS Центарот за безбедност на информации .

Во рамки на имплементација на првата компонента од проектот која се однесува на заштита на личните податоци на социјалните мрежи, во склоп на ДЗЛП беше формиран тим за брза интервенција, и истиот одговара по барањата на граѓаните на кои им се злоупотребени личните податоци или им е нарушена приватноста на социјалните мрежи. Втората компонента од проектот, наменета за вработените во Дирекцијата, контролорите и обработувачите на лични податоци беше во насока истите да се стекнат со знаење за Cloud computing и заштитата на личните податоци. Во склоп на оваа компонента, беше направена Анализа за состојбата на организациските и институционалните капацитети за заштитана лични податоци и Истражување за свесноста на компаниите за cloud computing во Македонија кои се достапни на веб страната на Дирекцијата.




Во рамки на проектот, делегација од Дирекцијата за заштита на личните податоци предводена од Директорот оствари студиска посета на Норвешкиот орган за заштита на личните податоци.

Во ноември 2014 година се одржа дводневна завршна конференција на проектот посветена на предизвиците на социјалните мрежи поврзани со приватноста и cloud computing. Оваа прилика беше искористена за промоција на *Прирачник за начинот на постапување по претставки и барања за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци на социјалните мрежи и работа во „облак“* за потребите наметнати при секојдневната работа на вработените во Дирекцијата.



## Соработка со ОБСЕ

Дирекцијата за заштита на личните податоци и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Одделот за владеење на правото, преку размена на писма, изразија заложба за спроведување низа активности во рамки на проектот „Час по приватност“ што се спроведува во средните училишта во Град Скопје. Имено, Мисијата на ОБСЕ во Скопје се обврза за поддршка на оваа иницијатива на Дирекцијата за заштита на личните податоци која произлезе согласно анализите кои ги спроведе во изминатиот период, како и бројот на претставки добиени до страна на граѓаните. Иницијативата наиде на поздрав од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образование, како и од Град Скопје. Оваа соработка резултираше во спроведување на заеднички активности за подигање на нивото на свеста за имплементација примена на прописи за заштита на личните податоци истите се очекуваат да продолжат и во 2015 година.

## Соработка со Канцеларијата на UNICEF во Република Македонија

Дирекцијата за заштита на личните податоци и Канцеларијата на UNICEF во Република Македонија изразија волја за соработка и спроведување низа заеднички активности, особено во делот на проценка и анализа на институционален одговор кон заштитата на правата на децата.

Имено, Дирекцијата сметаше дека е и повеќе од потребно е да се вклучи во активности кои се насочени кон добивање анализи како и на кон начин треба да се подобри и засили институционалниот одговор кон заштитата на правата на детето, имајќи ги предвид вниманието и заложбите кон кои Дирекцијата беше насочена во последниот период , а кои се однесуваат на подигање на свеста на младата популација за заштитата на личните податоци и континуирано развива иницијативи за популаризација на правото на приватност и безбедно користење на социјалните мрежи. Пораката беше препозната и призната и од Канцеларијата на UNICEF со седиште во Република Македонија со изразена декларативна заложба од двете страни за соработка која има потенцијал да донесе позитивни промени на полето на заштита на правата на детето.

Оваа соработка се очекува да резултира со спроведување на заеднички активности во областа на заштита на правата на детето, а по сублимирање на резултатите од АНАЛИЗАТА која на оваа тема ја прави Канцеларијата на UNICEF во Македонија и тие резултати се очекуваат во 2015 година. Резултатите од оваа анализа ќе бидат соодветно инкорпорирани во стратегијата на Дирекцијата 2015-2020.

# Приоритети за 2015

На годишна основа Дирекцијата изготвува програми за работа кои ги објавува на својата веб-страница www.privacy.mk. Во рамки на планирањето на идните приоритети ги вклучува активностите предвидени во Стратегијата за развој на заштитата на личните податоци во Република Македонија, за периодот 2012-2016 година со Акциски план, како среднорочен документ за развојот на Дирекцијата, Комуникациската стратегија за заштита на личните податоци за периодот 2012-2016 година.
Врз основа на овие стратешки документи, како и врз основа на констатираните состојби на планот на извршениот инспекциски надзор и бројот на примени претставки дадени по области, се дефинира содржината на Годишната програма за работа на Дирекцијата.

Со содржината на Програмата за работа на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2015 година (Програмата), се опфатени основните функции и организацијата на Дирекцијата утврдени со закон. Функциите што ќе ги извршува Дирекцијата во 2015 година се систематизирани по области и тоа:

**1. Инспекциски надзор**

Во рамки на Годишната програма за работа на Дирекцијата, во делот за инспекциски надзор, планирано е редовните инспекциски надзори да се вршат кај контролорите, односно обработувачите во областите : образование, туризам и угостителство, здравство, правосудство, социјална заштита , банкарство, осигурување, трговија и архивски материјал. Вонреден инспекциски надзор ќе се врши врз основа на иницијатива поднесена од орган на државна власт, правно или физичко лице, како и во случај на сомневање на инспекторот за повреда на одредбите од овој закон. Доколку по истекот на рокот определен во решението од извршениот редовен инспекциски надзор за да се утврди дали се извршени решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците/утврдени при редовниот инспекциски надзор, Дирекцијата ќе врши и контролни надзори. Спроведување на едукација за контролорите/обработувачите во случаите утврдени со Законот за заштита на личните податоци ќе биде еден од приоритетите на инспекторите во 2015 година, а ќе се пристапи и кон континуирано водење и ажурирање на збирка за инспекциски надзор (СИН) и подготовка на тековни и периодични извештаи и анализи за инспекциските надзори.

**2. Централен регистар**

Во централен регистар на збирки на лични податоци континуирано ќе се врши евидентирање и одобрување на регистрирање на контролори и нивни збирки на лични податоци.

**3. Нормативна и аналитичка дејност**

Континуирана подготовка на годишни/полугодишни и други извештаи поврзани со други прописи, како и континуирано изготвување на мислења по барање на министерствата, други органи на државната управа, во однос на материјалите, предлог законите, подзаконските акти и другите предлог прописи од областа на заштита на личните податоци, односно кои се на било кој начин поврзани со заштитата на личните податоци, како и Мислења по прописи објавени на Електронскиот национален регистар на прописи

на Република Македонија.

**4. Обуки**

Дирекцијата во текот на 2015 година ќе спроведува обуки на контролорите и обработувачите согласно утврдената динамика и области определени во Годишна програма за обуки на контролори и обработувачи за 2015 година. Исто така ќе се пристапи и кон континуирана обука на вработените во Дирекцијата согласно утврдената динамика определена во годишна Програма за обуки на државните службеници во Дирекцијата за заштитана личните податоци во 2015 година, како и обуки преку проектите во Дирекцијата и учество на работни состаноци и обуки во земјите членки на ЕУ а за заинтересираните ќе биде обезбедено и микро учење организирано од МИОА.

Согласно Меморандумите за соработка , Дирекцијата во текот на 2015 година ќе спроведува сертифицирани обуки за дигитална безбедност на компјутерски корисници -CSCU, како и повеќе посебни обуки на барање на контролорите. Согласно програмата за обуки на ДЗЛП , Дирекцијата во текот на 2015 година ќе се вклучи во обуките за судии и јавни обвинители кои ќе се организираат во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители.

**5. Проекти**

Во рамки на Секторско фише од ИПА програмата 2012 – 2013 година, Дирекцијата ќе започне со имплементацијата на проектот во текот на 2015 година. Проектот ќе се реализира преку склучување на два договора и тоа: техничка помош во траење од 24 месеци и Договор за набавка на опрема. Основна цел на техничката помош е:

- Усогласување на националната легислатива со новите реформи за заштита на личните податоци во ЕУ.
- Подобрување на соработката со контролорите и обработувачите.
- Јакнење на механизмите за заштита на лични податоци во различни сектори.
- Да се изработи и имплементира Стратегија за заштита на лични податоци 2017 – 2022.
- Имплементирање на ИСО ИТ стандарди и стандарди за приватност во Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Во рамките на Норвешки грант во текот на 2015 година ќе се реализира Проект за континуирана поддршка за унапредување на системот за заштита на личните податоци Рок: Континуирано во текот на календарската година Проектот „Час по приватност“ кој почна во текот на 2014 година и реализирани се активности во сите средни училишта на Град Скопје, ќе продолжи во средните училишта другите ЕЛС а во Скопје ќе продолжи со нова компонента.

**6. Соработка и консултации со јавниот, приватниот и невладиниот сектор**

Дирекцијата континуирано ќе пристапи и кон давање мислења за усогласеноста на документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и на актот за начинот на вршење на видео надзор на контролорите и обработувачите со прописите за заштита на личните податоци, како и кон давање укажувања за усогласување на работењето на контролорите и обработувачите со прописите за заштита на личните податоци.

Истовремено, ќе се одржуваат консултации со контролорите од јавниот и приватниот сектор и обработувачите за поефикасно спроведување на прописите за заштита на личните податоци.

**7. Европска интеграција, меѓународна соработка и односи со јавноста**

Во поглед на Европската интеграција се планира пристап кон подготовка на документите за апроксимација на домашното законодавство со правото на Европската унија: - Подготовка на НПАА -2015 -2016 и учество во работната група за политички критериуми за следење на состојбите со имплементација на обврските за Република Македонија за областа – фундаментални права. Понатаму, ажурирање и подготовка на извештаи за имплементацијата на утврдените цели и активности на Дирекцијата, активно учество на претставници на Дирекцијата во Поткомитетот за безбедност и човекови права како и придонес во Меѓуресорското тело за човекови права во процесот на креирање на Основниот документ за човекови права на Република Македонија.

Во текот на 2015 година, на поле на меѓународната соработка планирано е претставници од Дирекцијата активно да учествуваат на соодветни настани од областа на заштитата на личните податоци на Советот на Европа, Европската Унија, и другите институции и органи за заштита на личните податоци во Европската Унија и регионот, со цел зајакнување на меѓународната соработка и размена на искуства за унапредување на културата за заштита на личните податоци и тоа: редовно учество на работните состаноци во рамките на Работната група 29 на Европската Комисија, Учество на состаноци и пленарна седница на Консултативниот Комитет за заштита на личните податоци при Советот на Европа (T-PD), учество на Годишната конференција на Европските органи за заштита на личните податоци (Пролетна конференција), учество на Интернационалната конференција за заштита на личните податоци, учество на состаноци на Заедничкиот Надзорен Комитет на Европравда, учество на состаноци на Меѓународната група за заштита на личните податоци во телекомуникациите, учество во работата на Меѓународната група за заштита на личните податоци во областа на телекомуникации и учество во Работната група за заштита на личните податоци при Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа . Дирекцијата и во 2015 година ќе продолжи да поднесува барања за користење на инструментот за техничка помош TAIEX преку кој ќе се побара стручна помош во повеќе различни области од надлежност на Дирекцијата, а преку експертски мисии, студиски посети и работилници.

Во 2015 година, еден од приоритетите на Дирекцијата ќе биде подигање на јавната свест за правото на заштита на лични податоци. Во таа насока ќе се спроведе Стратегијата за комуникација со јавноста (согласно Акцискиот план за 2015 година), согласно која предвидено е одбележување на Меѓународниот ден за заштита на личните податоци со организирање на Национална Конференција за промоција на едукативен материјал наменет за наставни предмети од основното и средно образование. На 22 јуни по повод десетгодишнината од основањето на ДЗЛП ќе се одржи организација на национална конференција и презентирање на активностите и резултатите на Дирекцијата за изминатите 10 години.

Ќе се пристапи кон подигнување на јавната свест и информирањето на граѓаните за правото на заштита на личните податоци и приватноста преку веб порталот на дневниот весник „Нова Македонија“ каде граѓаните имаат можност да поставуваат прашања на кои Дирекцијата им одговара, продолжување на соработката со високо образовни установи и НВО (Студентски парламент и други) во насока на одржување на часови за заштита на приватноста и личните податоци на редовна континуирана основа, преку потпишани Меморандуми за соработка; ќе продолжи соработката со „Просветно дело“ Скопје и ќе се пристапи кон објавување на адаптирани содржини од областа на заштита на личните податоци во списанијата „Другарче“, „Развигор“ и „Наш Свет“. Ќе се практикува континуирано ажурирање на групата на порталот за социјално вмрежување Facebook, преку која Дирекцијата одговара на актуелните прашања кои се во фокусот на интересот на јавноста и информира тековно за случувањата во сферата на заштита на личните податоци во Европската унија и светот. Ќе продолжи и подготовката и објавувањето на електронскиот весник, како една од алатките за комуникација со регистрираните контролори во Централниот регистар, но и со останатите релевантни субјекти во земјата и странство, со планирани 4 броја во текот на 2015 година.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.738.07(497.7)"2014"(047)

ДИРЕКЦИЈА за заштита на личните податоци [Електронски извор] : годишен извештај 2014. - Текст во PDF формат, содржи 83 стр. - Скопје : Дирекција за заштита на лични податоци, 2015

Начин на пристап (URL): www.privacy.mk. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 11.06.2015. - Толковен речник на најчесто употребувани поими: стр. 6-7

ISBN 978-608-4682-19-6

а) Дирекција за заштита на лични податоци - Македонија - 2014 - Извештаи
COBISS.MK-ID 98846986

ДЗЛП

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2014